Библиски лекции



# Поуки од Давидовиот живот

Година 97. Број 1
**Јануари - Февруари 2021**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Тивка, скромна младост | 5 |
| 2. Победа над џиновите | 10 |
| 3. Криза | 15 |
| 4. Братска љубов | 20 |
| 5. Развој на карактерот | 25 |
| 6. Давид и Саул | 31 |
| 7. Опасност од компромиси | 36 |
| 8. Понизниот бива возвишен | 41 |
| 9. Растејќи во Божјата мудрост | 46 |
| 10. Тајната на успехот | 52 |
| 11. Возвишениот понижен | 57 |
| 12. Жални последици | 62 |
| 13. Наследство на милост и правда | 67 |


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCVII Број 1


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

Саботно школските лекции за ова тримесечје се базираат на „Поуки од Давидовиот живот“. Зошто проучувањето на оваа тема е толку важна за нас денес?

„Давидовата историја претставува едно од највпечатливите сведоштва што некогаш биле дадени за опасностите што и се закануваат на душата од моќта и богатството и световната слава - токму она за што луѓето најпохотно жеднеат“. – *Патријарси и пророци, 746.*

„Давид бил претставителен човек. Неговата животна историја е од интерес за секоја душа која се стреми кон вечни победи. Во неговиот живот две сили се бореле за превласт. Неверувањето ги насочило сите свои сили во борба и настојување да фрли сенка на светлината што го осветлувала од Божјиот престол. Во неговото срце од ден на ден е водена борба, бидејќи сатаната на секој чекор настојувал да го спречи напредувањето на силите на правдата. Давид разбрал што значи војна против началствата и властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“. – *Коментари на библиските текстови, 247.*

„Бог го избрал Давида, понизен пастир, да владее со Неговиот народ. Тој бил строг во сите обреди кои биле поврзани со еврејската религија и се одликувал со храброст и непоколеблива доверба во Бога. Бил мошне верен и полн со почит. Неговата цврстина, понизност, љубов кон правдата и одлучноста на карактерот го направиле подесен да ги изврши високите Божји намери, да ги поучува Израелците во нивната побожност и да управува над нив како великодушен и мудар цар “. - *The Spirit of Prophecy 1, 377.*

„Записот за неговиот живот сведочи дека гревот може да донесе само срам и болка, но дека љубовта и Божјото милосрдие навлегуваат во најголемите длабочини, дека верата ја издигнува душата која се кае за да може да биде примена меѓу Божјите синови. Од сите свечено дадени уверувања што ги наоѓаме во Светото Писмо, историјата на Давидовиот живот дава најсилно сведоштво за верноста, за правдата и за Божјата ветена милост.“ – *Патријарси и пророци, 754.*

„Кога ќе се исечат бесплодните дрвја кои се испостувачи на земјата, кога лажните браќа ќе се одвојат од вистинските, тогаш ќе се појават тие што се скриени и ќе се соберат под Христовото знаме, восклинувајќи: Осана! Луѓето кои биле срамежливи и без доверба во себе отворено ќе се изјаснат за Христа и Неговата вистина. Тие што се најслаби и најнеодлучни во црквата ќе бидат како Давид - смели и решителни“. – *5 Сведоштво, 81.*

Наша молитва е Христовиот Дух да нè води низ проучувањето на Давидовиот живот и дела во текот на ова тримесечје. Можеме да го окрепиме својот ум со подлабоко разбирање на совршено избалансираната правда и милоста на нашиот Творец и Бог!

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

Сабота, 2. јануари 2021.



## Дар во првата сабота за мисионерскиот центар на Јужно пацифичката унија

Тихиот океан е најголемиот океан во светот – опфаќа една третина од површината на земјата – и е дом на стотици островски народи. Од историска перспектива, мнозина од овие народи во Јужниот Пацифик биле добро познати по незнабожечки обичаи, вклучувајќи го вештерството и канибализмот. Не мал број од раните мисионери на овие острови го жртвувале својот живот во напорите да ја шират пораката на евангелието. Иако некои од овие обичаи и денес се присутни, христијанството извршило големо влијание врз овие народи, донесувајќи ја светлината и надежта на евангелието во местата на темнина на разните незнабожечки обичаи.

Пораката на реформацијата допрела до некои земји од Јужниот Пацифик во седумдесеттите и осумдесеттите години од минатиот век, но уште поцврсто е вкоренета кога мисионерите од Австралија и Генералната Конференција допатувале до нашите брегови кон крајот на деведесеттите години.

Во декември 2013. година, претставници од седумте полиња на мисијата, каде беше воспоставена работата, заедно се организирале и станале мисија на Јужно Пацифичка Унија. И покрај предизвиците како што се големата оддалеченост и сиромашни со добрата на овој свет, ние го фалиме Бога што делото се шири низ Јужниот Пацифик и што многу души ја запознале вистината.

Нашата потреба за центар со повеќе намени за богослужение, конференции, младински конгреси и обука на нашите млади да стант мисионери, плус да обезбедиме канцеларија за нашата Унија, ја остваруваме со радост. Купено е земјиште во селско подрачје каде лесно може да се дојде од Порт Вила, од Вануату, држава која ја сочинуваат околу 80 острови. Вануату е централно место каде луѓето од мисионерските полиња на Фиџи, Француска Полинезија, Нова Каледонија, Папуа Нова Гвинеја, Соломонските Острови и Самоа можат да се собираат заедно.

Имајќи го во предвид значајното дело што е пред нас и многуте острови и земји во Јужниот Пацифик до кои веста на евангелието не допрела, гледаме дека тоа дело е мошне изобилно! Пораката на спасението мора да дојде до сите земји, но сепак имаме сигурност дека Господ „не постанува и не се истоштува, додека не воспостави правда на земјата. Островите копнеат по Неговата наука“ (Исаија 42:4).

Љубезно ве молиме за финансиска помош за да ни помогнете во нашата потреба, со тоа што великодушно ќе приложите за овој проект, со кој ќе го поддржите ширењето на евангелието до душите во ова огромно океанско пространство.

***Вашите браќа од јужниот Пацифик***

# Тивка, скромна младост

**„Бог не гледа како што гледа човекот: човекот гледа на лице, а Господ гледа што е во срцето." (1. Самоилова 16:7).**

„Давид бил подложен на влијанието на Светиот Дух, и Господ во своето провидение го обучил за негова идна служба, подготвувајќи го да ги спроведе Неговите божествени намери. Христос бил главен градител на неговиот карактер". – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1018.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 637-642.*

Недела 27. декември

## 1. ВО САМОТИЈАТА НА ПРИРОДАТА

**а. Што научил Давид од своето рано опкружување на село? Римјаните 1:20; Псалм 8:3-9. Зошто таквата средина е погодна за духовен развој? Псалм 24:1.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Давид како момче пасел овци по ритчињата што го опкружуваат Витлеем". – *Патријарси и пророци, 637.*

„Христос зборувал... со младиот Давид, кога ги чувал своите стада". – *Копнежот на вековите, 290,291*

**б. Како можат младите денес да имаат корист од раното воспитување слично на Давидовото? Псалм 19:1-3; 119:9,97,113.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Небото (на младите) може да им биде учебник од кој можат да научат поуки од големо значење. Месечината и ѕвездите можат да бидат нивни придружници кои со најелоквентен јазик им зборуваат за Божјата љубов". – *The Youth's Instructor, October 25, 1900.*

## 2. СРЦЕТО НА ПСАЛМИСТОТ

**а. Која била Божјата намера да му дарува на Давид поетски и музички дарови? Псалм 105:1,2; 66:16,17.**

„Едноставното овчарче пеело песни кои самиот ги компонирал, а пријатната музика на неговата харфа ја пратила мелодијата на неговиот свеж млад глас. Господ го избрал Давида и со неговиот живот управувал така што имал можност да го обучи неговиот глас и да го негува талентот за музика и поезија. Господ во неговиот живот на пастирска осаменост го подготвувал за дело кое имал намера да му го довери во неговиот подоцнежен живот“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1018.*

**б. Објаснете на кој начин верните во сите векови ги жнееле силните духовни благослови од Давидовото искуство како пастир. Псалм 66:1-6; 100:3.**

„(Давид) секојдневно доаѓал во поинтимна заедница со Бога. Неговиот ум постојано навлегувал во нови длабочини за таму да најде нови теми кои ја инспирирале неговата песна...

Кој може да ги измери последиците на тие години на труд и талкање по осамените брекчиња? Општењето со природата и со Бога, грижата за стадото, опасностите и ослободувањата, страдањата и радостите на неговиот скромен живот сето тоа требало не само да го изгради Давидовиот карактер и да влијае врз неговиот иден живот, туку истото преку псалмите на омилениот израелски пеач требало и во подоцнежните векови да буди љубов и вера во срцата на Божјиот народ доведувајќи ги сѐ поблизу до Оној чиешто срце е полно со љубов и во кого живее сѐ што поседува животот“. – *Патријарси и пророци, 642.*

„Псалмистот го поврзувал Божјиот закон во природниот свет со законите дадени на Неговите создадени битија“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1144.*

„(Псалм 66:1-5). Овој псалм и делови од шеесет и осмиот и седумдесет и вториот псалм честопати ги пеел Христос“ - *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1148.*

„Трпеливо и мирно (Христос) ги поднесувал потсмевачките погледи, острите пецкања и исмејувањето на своите соработници во столарската работилница. Наместо луто да им возврати, Тој би започнал да пее некој од прекрасните псалми на Давид; и Неговите сопатници, пред да сфатат што направиле, се обединувале со Него во пеење на химната“. - *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 936.*

## 3. РАЗБИРАЊЕ НА НАШЕТО ОГРАНИЧЕНО ГЛЕДИШТЕ

**а. Објаснете го ограниченото разбирање на пророкот Самоил кога Бог го испратил да помаже еден од синовите на Јесеј за цар. 1. Самоилова 16:1-6.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Посматрајќи го неговото кнежевско држење (на Елијав), Самоил си помислил: 'Сигурно, еве пред Господа стои неговиот помазаник', и очекувал Божја наредба да го помаже. Но Јехова не го гледа надворешниот изглед. Елијав не се плашел од Бога. Кога би бил поставен на престолот, би покажувал горделивост и би бил премногу строг господар". – *Патријарси и пророци, 638.*

**б. Што треба да научиме од ова искуство на Самоил – особено при изборот на разни водачи и во поглед на иднината на младите меѓу нас? 1. Самоилова 16:7; Јован 7:24.**

„Можеме да научиме и за тоа колку е неспособна човечката мудрост без посебно небесно просветување да ги разбере тајните на срцето и да ги сфати Божјите совети. Божјите мисли и Божјите патишта во врска со неговите созданија се недосегливи за нашето земно сфаќање; но можеме да бидеме сигурни дека неговите деца ќе бидат поставени токму на оние места за кои се способни и дека ќе можат да ги исполнат задачите што им се доверени само ако својата волја и ја потчинат на Божјата волја, со цел неговите совршени планови да не бидат попречувани со човечката изопаченост ". – *Патријарси и пророци, 638.*

„Зар нема темелното образование на неколкумина да ги задоволи сите битни барања?

Јас најодлучно одговарам: не, никако не. Каков избор би можеле да вршиме меѓу нашата младина? Како можеме да кажеме кој најмногу ветува, кој најдобро ќе му служи на Бога? Врз основа на нашето човечко расудување би можеле да направиме како што направил Самоил кој, кога бил пратен да го бара Господовиот помазаник, гледал на надворешниот изглед... Кој може да одреди кој во едно семејство ќе се покаже способен за Божјото дело? На своите деца треба да им овозможиме да ги уживаат благословите и предностите од образованието во нашите училишта, за да бидат вдахновени да станат Божји соработници". – *6 Сведоштво, 197.*

## 4. ИЗНЕНАДУВАЧКИ ИЗБОР

**а. Опишете го Божјиот избор и мудроста на Неговиот план. 1. Самоилова 16:8-12.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Кога Бог го повикал Давида од бачилото на неговиот татко да го помаже за цар над Израел, Тој видел во него некој кому може да му го даде својот Дух“. – *Christ Triumphant, p. 146.*

„Давид не бил со висок раст, но изразот на неговото лице било убаво, изразувал понизност, искреност и вистинска храброст. Божјиот ангел му укажал на Самоил дека Давид е тој што треба да го помаже, зашто Бог го избрал. Од тој момент, Господ му дал на Давид мудро и разумно срце“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 78.*

**б. Што треба да разберат родителите и учителите, кои се стремат да ги насочуваат младите за кои се грижат? Изреки 15:33; Проповедник 7:8.**

__________________________________________________________________

„Постарите браќа, помеѓу кои Самоил сакал да избира, ги немале особините за кои Бог сметал дека мора да ги има владетелот на Неговиот народ. Гордите, себичните, полни со самодоверба, биле отфрлени заради еден кого тие го потценувале, еден кој ги сочувал едноставноста и искреноста на својата младост, и кого, иако самиот се сметал за безвреден, Бог можел да го воспита да ги понесе царските одговорности. Така и денес, во многу деца кои родителите ги запоставуваат, Бог гледа способности многу поголеми од способностите на другите деца, за кои се мисли дека повеќе ветуваат.

Со оглед на можностите во животот, кој е способен да оцени што е големо, а што мало? Колку луѓе на ниски положби во животот, поттикнувајќи дејности од благослов за светот, постигнале резултати на кои и цареви би можеле да им завидуваат“. – *Воспитување, 266,267.*

„’Не за да Му служат, туку за да служи’ е големата поука што треба да ја научиме и да ја пренесуваме на другите.

Во младите треба да биде втисната мислата дека не се свои. Тие Му припаѓаат на Христа. Тие се измиени во Христовата крв, залог на Неговата љубов. Тие живеат, затоа што Тој, со Својата моќ ги одржува во живот. Нивното време, нивната сила, нивните способности се Негови и треба да бидат развиени, обучени и употребени за Него“. – *Здравје и среќа, 396.*

Четврток 31. декември

## 5. СКРОМЕН И ПОНИЗЕН КАКО И ПОРАНО

**а. Што се одразувало во ставот на младиот Давид? Псалм 23:1-6; 71:5.**

„Колку се убаво опишани неговите (на Давид) момчешки пастирски искуства со зборовите: (цитиран Псалм 23:1-4)“. – *Воспитување, 164*

**б. Објаснете ја целта и резултатот од тајната мисија на Самоил. 1. Самоилова 16:13.**

„Самоил не му ја најавил својата мисија дури ни на семејството на Есеја, па церемонијата на Давидовото помазание била изведена во тајност. За младиот Давид тоа било најавување на високиот позив што го очекувал; и тоа сознание гребало во сите различни настани и опасности во претстојните години да го вдахне со верност со својот живот да ја исполни Божјата цел.

Давид не се возгордеал поради високата чест што му била доделена. Без оглед на високата положба што требало да ја заземе, тој мирно ја продолжил својата пастирска работа и, полн со задоволство, очекувал Божјите планови да се остварат во одредено време и на од Бога одреден начин. Кроток и скромен како и пред своето помазание, пастирот се вратил на своите ритчиња, пасејки ги своите стада нежно како и секогаш“. – *Патријараси и пророци, 641.*

„Во убавината и силата на своите млади години Давид се приготвувал да ја преземе положбата меѓу најблагородните на земјата. Своите таленти како драгоцен Божји дар ги користел да ја издигне славата на божествениот Дарител... Кога во настаните од својот живот ја согледувал Божјата љубов, срцето поогнено му чукало во молитва и благодарност, гласот му одекнувал со побогати мелодии, а неговата харфа звучела многу порадосно; така младиот пастир се здобивал со сè поголеми сили и сознанија зашто Божјиот Дух почивал врз него“. – *Патријараси и пророци, 642.*

Петок 1. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Објаснете ги духовните придобивки од поминувањето време меѓу Божјите созданија во природата?**
2. **Кои лични придобивки можам да ги извлечам од псалмите на Давид?**
3. **Што треба сите ние да научиме од поуката што му е дадена на Самоил?**
4. **Наведете некои важни моменти од искуството во домот на Јесеј?**
5. **Како можеме да бидеме вдахновени од одговорот на Давид на неговото помазување во тајност?**

# Победа над џиновите

**„И сиот овој собир ќе знае дека Господ не дава победа со меч ни со копје, зашто Господ е господар на битката” (1. Самоилова 17:47, прв дел).**

„Оние што ја носат најсвечената порака која некогаш е дадена на светот, мораат да ги отфрлат ‘боксерските ракавици’ и да се облечат во оклопот на Христовата праведност“. – *Evangelism, p. 166.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: 3 Сведоштво, 212-221.*

Недела 3. јануари

## 1. ПОУКА ЗА ПОДЛАБОКА ДОВЕРБА

**а. Како Давид соработувал со Божјото провидение за да стекне мудрост и искуство да се справи со идните предизвици? 1. Самоилова 16:14-23.**

„Според Божјата промисла, Давид, како вешт свирач на харфа, бил изведен пред царот. Задачата на младиот пастир била да свири пред владетелот на Израел и, ако е можно, да ја изгони мрачната меланхонија која како темен облак се настанила над Сауловиот ум“. – *The Signs of the Times, August 3, 1888.*

„Давид се развивал во милоста и пред Бога и пред луѓето. Бил поучен на патиштата Господови и сега си поставил задача поцелосно од кога и да е порано да ја извршува Божјата волја. Имал нови предмети за размислување. Бил на царскиот двор и ја видел одговорноста што го придружува царското достоинство. Открил многу искушенија што го демнеле Сауловото срце и навлегол во многу тајни, во карактерот и во постапките на првиот израелски цар... Но секогаш кога би се задлабочил во такви размислувања и кога би го тиштеле мачни мисли, би ја земал харфата и од неа би извлекувал мелодии што го издигнувале неговиот дух кон Творецот на сè што е добро, па темните облаци што го засолнувале неговиот видик од иднината веднаш би исчезнале.

Бог на Давида му давал поука за неопходноста на верата и надевањето во неговата моќ. И како што Мојсеј бил воспитан за да може да ги изврши задачите што го очекувале, така сега синот на Есеја Господ го приготвувал за водач на својот одбран народ. Пасејќи ги стадата Давид ја сфатил огромната грижа што ја чувствува големиот Пастир за своите овци“. – *Патријарси и пророци, 643,644.*

## 2. ПРИОРИТЕТИ ОТКРИЕНИ ВО КРИЗА

**а. Кој сериозен проблем го снашол целиот Израел во тоа време? 1. Самоилова 17:1-11.**

___

„Филистејците предложиле свој начин на војување, избирајќи човек со необична висина и сила, чиј раст бил околу дванаесет стапки (преку три метри)“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1018.7*

„Четириесет дена цел Израел треперел пред џиновскиот Филистеец и пред неговото горделиво предизвикување. Срцето им замрзнувало кога го посматрале неговото огромно тело... На главата имал шлем од бронза, а бил облечен во плочест оклоп, тежок пет илјади сикли. На нозете имал метална заштита. На себе имал оклоп од плочки кои како лушпи на риба густо лежеле една врз друга за никаква стрела ниту копје да не може да ги пробие“. – *Патријарси и пророци, 646.*

**б. Која била главната грижа на Давид во оваа криза? 1. Самоилова 17:21-26.**

„(Давид) горел од ревност да ја зачува честа на живиот Бог и угледот на децата на Израел. Тој не можел да поднесе да види како на овој смел идолопоклоник, му било дозволено од ден на ден да се потсмева на Божјите избраници, без да вложи напори да го сруши неговото гордо фалење и потсмевање”. – *The Signs of the Times, August 3, 1888.*

**в. Споредете го ставот на најстариот брат на Давид, Елијав. 1. Самоилова 17:28,29.**

„Елијав, најстариот брат на Давид... добро знаел какви чувства ја вознемируваат душата на младичот. Дури и како пастир во Витлеем тој покажал смелост, храброст и сила кои не можеле лесно да се потиснат; а таинствената посета на Самоил во куќата на нивниот татко и неговото нечујно заминување ги разбудиле сомнежите во браќата за вистинската причина на неговата посета. Нивната љубомора станала уште поголема кога виделе дека Давид бил почестен повеќе од нив, и на неговата честитост и братска нежност не одговориле со почит и љубов, која ја заслужил. Тие гледале на него само како на млад пастир, а сега прашањето што го поставил, Елијав го сфатил како осуда на својот кукавичлук кој се огледал во тоа што не направил ништо во обидот да го замолчи филистејскиот џин’”. – *The Signs of the Times, August 3, 1888.*

## 3. ДАВИД И ГОЛИЈАТ

**а. Како можеме во своето искуство да ја вклучиме верата што ја манифестирал Давид? 1. Самоилова 17:32-37.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Во секое ослободување од некоја неволја, во секоја нова и неочекувана примена благодат и милост, треба да ја видиме Божјата добрина“. – *Патријарси и пророци, 187,188.*

„Нашата подготовка за средба со противниците или да му служиме на народот треба да ја добиеме од Бога, кај престолот на небесната благодат. Тука, додека ја примаме Божјата благодат, нашата неспособност станува очигледна и јасна. Христовото достоинство и слава се нашата сила“. – *Evangelism, pp. 166,167.*

**б. Како Давид ја открил тајната на победата? 1. Самоилова 17:38-40, 43-51.**

„Голијат се надевал во своето оружје. Со своето дрско фалење тој ја застрашувал војската на Израел, повикувајќи се најмногу на своето оружје, во кое надмоќно ја гледал својата сигурност и сила. Во својата скромност и ревност за Бога и за својот народ, Давид предложил тој да излезе на двобој со тој фалбаџија. Согласувајќи се на тоа, Саул му го дал на Давид своето царско оружје и оклоп, но тој не се согласил да појде со него. Тој не го земал царското оружје бидејќи не навикнал на тоа. Но затоа од рана младост навикнал да се потпира на Бога и така стекнувал посебни победи. Ако го земал на себе Сауловото оружје и оклоп би давал впечаток дека е воин, додека тој бил само незнаен пастир кој дошол од кај своите овци. Сметал дека ниту најмалку не може да се потпре на Сауловото оружје туку само на Израеловиот Господ Бог. Одбирајќи неколку камења на потокот, и со прачка и стап, тој во име на Израеловиот Бог тргнал да се соочи со вооружениот воин.

Голијат со презир го набљудувал Давид, бидејќи давал впечаток на момче потполно неподготвено за двобој... Сметајќи го повредено своето достоинство што на него му се спротивставува едно момче, и тоа само со стап без никаков оклоп, тој почнал да се фали што сѐ ќе направи од него. Давид не бил раздразнет од тоа што бил толку понижуван ниту затреперил од заканите на Голијат, туку одговорил: ‘Ти одиш на мене со меч и со копје и штит; а јас одам на тебе во име на Господа над војските, Кому му се потсмеваше’“. – *3 Сведоштво, 218,219*

## 4. ВЕРА НАСПРОТИ ИЗГЛЕДИТЕ

**а. Што можеме да научиме од Давидовата длабока и постојана доверба во Бога и Неговиот закон? Псалм 19:7-11; 20:5-9.**

________________________________________________________________________

„Господ сака да нè пробуди за да ја сфатиме нашата вистинска духовна состојба. Тој сака секоја душа да го понизи срцето и умот пред Него. Вдахновените зборови кои се наоѓаат во деветнаесеттиот и дваесеттиот псалм ми се прикажани како поука за нашиот народ. Наша привилегија е да ги прифатиме овие драгоцени ветувања и да веруваме во предупредувањата...

Во текот на ноќта ми се чинеше дека им ги повторувам на луѓето овие зборови. Неопходно е повнимателно да се преиспитуваме самите себеси. Сега немаме време да го поминеме во самозадоволување. Ако сме поврзани со Бога, ќе ги понизиме своите срца пред Него и ќе бидеме многу поревни во усовршување на христијанските карактери. Пред нас е големо и свечено дело, бидејќи светот треба да се просветли во поглед на времето во кое живееме; и кога ќе им се изнесе директно и недвосмислено сведоштво тие ќе бидат просветлени и наведени сериозно да се преиспитаат самите себеси". – *The SDA Bible Commentary, [E. G. White Comments], vol. 3, pp. 1145, 1146*

.„Треба да ги испитаме своите срца и да видиме дали сме одвоени од сè што не е во согласност со Божјата волја". – *The Review and Herald, May 10, 1887.*

**б. Како Исус потврдил дека со Негова сила, Неговиот народ може да ги надмине навидум несовладливите џинови на гревот и себичноста? Марко 10:26,27; 11:22,23; Филипјаните 1:6.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Во Христа Бог ни дал средство за совладување на секоја грешна особина и за спротивставување на секое искушение, колку и да е силно. Меѓутоа, многумина чувствуваат недостаток на вера и затоа остануваат далеку од Христа. Нека овие души, во нивната беспомошна недостојност, се фрлат на милоста на својот сочувствителен Спасител. Не гледајте на себе, туку на Христа. Оној што исцелувал болни и истерувал демони, кога одел меѓу луѓето и денес е истиот моќен Откупител. Верата Доаѓа од Божјата Реч. Затоа држете се цврсто за Неговото ветување: 'Оној што Доаѓа при Мене, нема да го истерам надвор'. (Јован 6:37) Фрли се пред Неговите нозе со извикот: 'Верувам, Господе, помогни му на моето неверие'. Никогаш нема да пропаднете доколку го правите тоа никогаш". – *Копнежот на вековите, 429.*

Четврток 7. јануари

## 5. ЗАВРШНО ДЕЛО

**а. Како сите, на кои им е доверена сегашната вистина во последните денови, треба да учат од Исуса да избегнат да станат жртва на духот на Голијат? Јуда 9.**

„Во изнесување на непопуларната вистина која го опфаќа и тешкиот крст, проповедниците мораат да внимаваат секој нивен збор да биде по волја на Бога. Тие треба да ја изнесуваат вистината во понизност, во најдлабока љубов кон душите и во сесрдна желба за нивно спасение. Со своите зборови тие не треба никогаш да сечат, дозволувајќи вистината да сече. Тие не треба да им се спротивставуваат на проповедниците на другите верски заедници, настојувајќи да предизвикаат полемика и расправија... Предизвикувањето, фалењето и дрскоста им прилегаат на оние кои се спротивставуваат на вистината и кои се однесуваат како Голијат. Но ниту една од тие особини не треба да се види кај оние кои Бог ги испраќа да ја објават последната опомена на светот осуден на пропаст“ – *3 Сведоштво, 218.*

**б. Каква надеж му нуди Бог на својот мал остаток во последните денови? Захарија 4:10 (прв дел); Лука 17:6. Што треба да ја осветли земјата? Откровение 18:1.**

„Во ова последно поколение примерот за синаповото семе победоносно и триумфално ќе се исполни. Малечкото семе ќе израсне во дрво. Последната порака со опомена и милост ќе му се објави на ‘секој народ, племе, јазик и род’ (Откровение 14:6-14) ‘за да си собере Бог луѓе од народите за своето име’ (Дела 15:14). И земјата ќе се ‘осветли од неговата слава’ (Откровение 18:1)“. – *Христовите очигледни поуки, 79.*

„Откривајќи ја божествената слава во природата на човекот, Небото во толкава мера ќе им се приближи на луѓето што убавината, со која е украсен внатрешниот храм, ќе се види во животот на секој човек кој ќе го прими Спасителот во своето срце. Славата на Спасителот, кој живее во нас, ќе ги плени и вчудовидува луѓето“. – *Христовите очигледни поуки, 420.*

Петок 8. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во која смисла Давид растел додека го смирувал Саула со својата харфа?**
2. **Како се разликувал ставот на Давид од ставот на неговиот брат?**
3. **Зошто Давид одбил да го носи оклопот на Саул?**
4. **Како можеме да ја примениме оваа поука во соочување со денешните фигуративни „џинови“?**
5. **Објаснете ја разликата помеѓу Давидовиот дух и оној на Голијат денес?**

# Криза

**„А и сите кои сакаат да живеат побожно во Христа Исуса, ќе бидат гонети“ (2. Тимотеј 3:12).**

„Кога душата ќе ни ја обземе темнина и кога ќе ни затреба видело и Божјо водство, мораме да отвориме очи; зад тоа постои светлина“. – *Патријарси и пророци, 657*.

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 649-654, 659.*

Недела 10. јануари

## 1. СООЧУВАЊЕ СО ПРОГОНСТВО

**а. Што ја предизвикало љубомората во срцето на Саул против Давид? 1. Самоилова 18:5-9. Наведете го начелото кое објаснува зошто постапките на Саул ги следеле неговите чувства. 1. Самоилова 18:11; 1. Јованово 3:15.**

____________________________________________________________________

„Во своето честољубие Саул сакал да биде прв меѓу оние што ги почитуваат луѓето, а кога ја слушнал споменатата песна, почувствувал сосема сигурно дека Давид ќе го придобие срцето на народот и дека ќе владее наместо него. Саул му го отворил срцето на духот на љубомората со кој неговата душа била затруена“. – *Патријарси и пророци, 650.*

**б. Зошто Бог дозволува христијаните да поминуваат низ слични ситуации како онаа која сега ја доживеал Давид – и што научил Давид преку својот однос со Саул? 2. Тимотеј 3:12; 1. Петрово 4:12-17.**

„Давидовиот престој на дворот му овозможил да се здобие со знаење за државните работи и на тој начин да се приготви за својата идна положба. Освен тоа, му било овозможено да стекне и доверба кај народот. Маките и тешкотиите на кои наидувал поради непријателството на Саула, на Давида му укажувале на неговата зависност од Бога и на целосното потпирање врз него“. – *Патријарси и пророци, 649.*

## 2. СЕРИОЗНА ОПАСНОСТ

**а. Кога Саул видел дека Бог го заштитил Давида, какви други планови смислил во желбата да го уништи? 1. Самоилова 18:12,13,17,20,21,25. Што го сочувало животот на верниот Божји слуга? 1. Самоилова 18:14,30.**

____________________________________________________________________

**б. Како повторно се открила Сауловата најлошата природа – и што ја спречило неговата потера по Давид во Рама? 1. Самоилова 19:9,10,23,24; 20:1 (прв дел).**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„(Саул) решил во никој случај да не ја одложува и да не ја пропушта приликата Давида да го уништи; имал намера да го убие со своја рака, штом ќе му се приближи, без оглед на тоа колку тешки ќе бидат последиците.

Но на патот го сретнал Божји ангел и го совладал. Божјиот Дух го држел под своја власт и тој го продолжил патот изговарајќи зборови на молитва и пророштво и пеел свети мелодии. Го претскажувал доаѓањето на Месија како Спасител на светот. Кога стигнал пред куќата на пророкот во Рама, ја соблекол наметката што укажувала на неговата општествена положба и, под влијание на божествениот Дух, останал лежејќи пред Самоил и неговите ученици цел ден и цела ноќ. Од сите страни доаѓале луѓе да ја видат необичната сцена...

Давид немал доверба во царевото каење. Затоа ја искористил можноста повторно да побегне, мислејќи дека царевото расположение пак ќе се измени“. – *Патријарси и пророци, 654.*

**б. Опишете ја смртоносната природа на зависта и љубомората. Изреки 6:34,35; 27:4.**

„Зависта е една од најодвратните особини на сатанскиот карактер. Тоа е стремеж за постојано самоиздигање, со тоа што фрла дамка на другите. Завидливиот човек го омаловажува ближниот во настојувањето да се издигне себеси“. – *The Signs of the Times, August 17, 1888.*

„Зависта не е само изопаченост на карактерот, туку и растројство, кое ги нарушува сите способности...

„Ако се обидеме да го убедиме завидливиот човек во неговиот грев, тој ќе стане уште поогорчен кон својот предмет на завист и често станува неизлечив“. – *5 Сведоштво, 56.*

## 3. УЖАСНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПАНИКАТА

**а. Опишете ги Давидовите грешки при неговото бегство во Нов. 1. Самоилова 21:1-6.**

___

„(Давид) бил во постојан страв дека ќе биде пронајден... и во својата крајна неволја прибегнал кон измама... Давид му рекол на свештеникот дека царот го испратил во тајност да изврши некоја задача која морал да ја изврши сам. Побарал од свештеникот пет леба. Божјиот човек имал кај себе само посветени лебови; сепак, Давид успеал да ја смири неговата совест, да ги добие лебовите за да ја задоволи гладта“. – *The Signs of the Times, August 31, 1888.*

**б. Како неуспехот на Давид да биде искрен и отворен со Ахимелех предизвикал трагичен низ на настани? 1. Самоилова 21:7; 22:6-11, 16-19.**

___

___

„Кога Давид би ја кажал вистината, Ахимелех би знаел што треба да стори за да му го спаси животот?“. – *Патријарси и пророци, 656.*

„Доег бил клеветник, а Саул бил оптоварен со дух на завист, омраза и убиство до таа мера така што желно го прифатил исказот на Доег како да бил точен. Земена само делумно и претерано, изјавата на овој човек му погодувала на непријателот на Бога и на човекот. Тоа му било прикажано на Саул во таква светлина така што царот ја изгубил сета контрола над себе и се однесувал како луд. Ако тој, мирно сочекал да ја сослуша целата приказна, ако расудувал со разум, колку поинаку би изгледал страшниот запис за постапките во тој ден!

Колку сатаната се радува кога ќе успее бесот на лутината во душата да го доведе до усвитеност! Еден моментален поглед, гест, или само тонот на гласот може да се користи како стрела на сатаната, да го рани и отруе срцето кое не е заштитено од неа. Но, ако сме целосно запоседнати со Христовиот Дух и преобразени со Неговата милост, тогаш нема да бидеме расположени да зборуваме зло ниту да пренесуваме лажни извештаи. Фалсификаторот и обвинувачот на браќата претставува одбрано орудие во рацете на големиот измамник“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1020.*

„Тој настан (убивање на свештениците) сите Израелци ги исполнил со ужас. Тоа недело го сторил царот што го избрале тие... Ковчегот на заветот бил меѓу нив, но свештениците кои ги советувале биле убиени со меч. Што можело да се очекува потоа?“. – *Патријарси и пророци, 659.*

## 4. РАСТРОЈСТВО ВО СТРАВОТ

### а. Што заборавил Давид кога бил во состојба на паника? Псалм 23:4.

___

„Кога се наоѓал во голема потреба, (Давид) гледал на Бога со постојано око на верата, и се соочил со гордиот, фалбаџиски Филистеец. Тој верувал во Бога, и во судирот тргнал во Негово име. Тој бил полн со доверба во Божјата сила која ќе ги порази војските на непријателите Господови. Но, додека го прогонувале и ловеле, збунетоста и неволјата речиси го сокриле неговиот небесен Татко од неговите очи. Изгледало како да чувствува дека е напуштен и дека сам ги води своите битки. Бил збунет и не знаел по кој пат да тргне...

Мораме да научиме да му веруваме на нашиот небесен Татко и да не дозволиме душата да ни ја извалка гревот на неверството. Обидувајќи се да се спасиме, ние грижата на нашата душа не му ја препуштаме на Бога, како на верен Творец. Не очекуваме Тој да работи за нас, туку избезумено удираме со нашата ограничена сила, како би пробиле некој ѕид на тешкотија која само Бог може да ја отстрани од нас... Кога човекот во целост ќе се потпре на Бога, тој ќе биде искрен кон себе; тогаш може да најде надеж и радост во Бога на своето спасение, дури ако и секој пријател на земјата му стане непријател“. – *The Signs of the Times, August 31, 1888.*

### б. Како треба да гледаме на предупредувањата од другите грешки на Давид, кои ги направил во своето очајно бегство - дури и ако сме во опасност? 1. Самоилова 21:10-13.

___

„Бог бара неговиот народ да ја сака вистината и за време на најголемата опасност....

Давид побегнал кај Ахиса, царот гатски, зашто мислел дека ќе биде посигурен меѓу непријателите на својот народ отколку во која било Саулова област. Но на Ахиса му било кажано дека Давид е оној човек кој некогаш го убил филистејскиот јунак. Така Давид, барајќи прибежиште меѓу непријателите на Израел, се нашол во голема опасност. За да се спаси Давид се преправил во луд човек и така успеал да побегне.

Прва Давидова грешка била што во Нов не покажал целосна доверба во Бога, а втора што го прелагал Ахиса... Кога се нашол во искушение, неговата вера се поколебала и тој пројавил човечка слабост. Кај секој човек видел шпион и поткажувач“. – *Патријарси и пророци, 656,657.*

Четврток 14. јануари

## 5. ВИСТИНСКА ВЕРА... ДОВЕРБА

**а. Како Давид понизно ја признал својата делумна вина во трагичниот чин на убиените свештеници? 1. Самоилова 22:20-23.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

**б. Како нашиот Господ Исус Христос го укорил оној страв кој пречесто нѐ парализира да не веруваме во Бога онака како што би требало? Марко 4:40.**

____________________________________________________________________

„Секаде каде што Божјите деца ќе доживеат неуспех, тоа се должи поради нивниот недостаток на вера. Кога сенки ќе ја опкружат душата, кога ни е потребна светлина и водство, мораме да го подигнеме својот поглед нагоре; зад темнината постои светлина“. – *The Signs of the Times, August 31, 1888.*

**в. Наведете едно ветување кое одекнува низ вековите на секое верно Божјо дете во време на очајна потреба. Исаија 54:10.**

„О, колку е драгоцено и пријатно влијанието на Божјиот Дух кога доаѓа кај разочараните и потиштени души! Тој кај очајните буди храброст, слабите ги засилува и на искушуваните Божји слуги им дава храброст и помош! О, каков Бог имаме ние! Тој нежно постапува со заблудените и им го открива своето големо трпение и љубов кога се во неволја или кога душата им ја притиска некој голем јад“. – *Патријарси и пророци, 657.*

Петок 15. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто Бог толку многу мрази кога ние ќе се оддадеме на зависта и љубомората?**
2. **Зошто Давид не можел да му верува на Саул, дури иако понекогаш делувал миролјубиво?**
3. **Како можам да бидам во опасност да ги направам истите грешки како Давид во своите искушенија?**
4. **Како Господ сака да се справуваме со работите кога нашиот живот е во опасност?**
5. **Во кои ситуации навистина можам да имам повеќе доверба во Бога?**

# Братска љубов

**„Никој нема поголема љубов од оваа: да ја положи душата своја за своите пријатели.**

„Постојат многу врски кои нè поврзуваат со нашите ближни, со човештвото и со Бога, и овој однос е свечен според тежината на нашата одговорност*". – Our High Calling, p. 184.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 654–660*

Недела 17. јануари

## 1. КРИЕЊЕ ВО ДУВЛА И ПЕШТЕРИ

**а. Наведете еден пример кој ја открива благодарноста на карактерот на Давид и нејзиниот извор. 1. Самоилова 22:1,3,4; Псалм 57:2,3.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Давид бил длабоко загрижен не само за себе, иако ја сфатил својата опасност. Тој мислел на таткото и мајката, и заклучил дека мора да побара друго прибежиште за нив... Од овој запис можеме да извлечеме драгоцена поука за вистинската љубов кон родителите.

(Семејството на Давид) заклучило дека ќе биде побезбедно со оној кого пророкот Самоил го помазал за цар на Израел, иако бил бегалец во напуштена пештера, отколку да биде изложен на лудилото на љубоморниот цар...

Во пештерата Адуламска семејството конечно повторно се обединило во сочувство и наклонетост. Синот на Јесеј можел да ја отсвири мелодијата на харфа додека пеел: 'Колку е убаво и колку е мило кога браќата живеат еднодушно' (Псалм 133:1). Тој ја искусил огорченоста и недовербата од страна на своите браќа; и слогата која го зазела местото на раздорот, донела радост и утеха во срцето на бегалецот. Тука Давид го составил педесет и седмиот псалм". – *The Signs of the Times, September 7, 1888.*

„Кога љубомората на Саул го нагонила да побара засолниште во пустината како бегалец, Давид, губејќи ја човечката поддршка, уште повеќе се потпрел на Бога". – *Воспитување, 152.*

## 2. ЗДРУЖУВАЊЕ ВО НЕВОЛЈА

**а. Кој уште побегнал во пештерата со Давид и како ова претставувало воспитно искуство за помазаниот бегалец? 1. Самоилова 22:2.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Набргу на Давида му се придружиле и други луѓе кои сакале да го избегнат царевиот притисок. Мнозина ја загубиле довербата во водачот на Израел, зашто виделе дека веќе не го води Божјиот Дух. (1. Самоилова 22:2). Тука Давид основал свое малечко царство во кое владееле ред и чесност...

Бог му давал поуки кои ќе го оспособат да стане мудар војсководител и праведен и милостив цар“. – *Патријарси и пророци, 658.*

„Несигурноста и немирот на пустинскиот живот, постојаната опасност, неопходноста од чести бегања, карактерот на луѓето кои на тој начин се собрале околу него (Давид)... сето тоа создавало уште поголема потреба од строга дисциплина. Овие искуства кај него разбудиле и развиле способност за однесување со луѓето, сочувство кон угнетените и омраза кон неправдата“. – *Воспитување, 152.*

**б. Опишете ги неволјите низ кои ќе поминат многу верни Христови следбеници пред второто Христово доаѓање – како и надежта која ни светли среде тие неволји. Софонија 3:12; Евреите 11:37-40.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Од поткровјата и од колибите, од темниците и од губилиштата, од планините и од пустините, од земните пештери и од морските длабини, Христос ќе ги доведе своите деца кај себе. На земјата биле сиромашни, прогонувани и измачувани. Милиони заминале в гроб натоварени со срам затоа што одбиле да им се потчинат на измамните барања на сатаната. На човечките судови на Божјите деца им суделе најтешки злосторници. Но близу е денот кога сам Бог ќе настапи како судија (Псалм 50:6). Тогаш земните пресуди ќе бидат соборени. ‘Ќе го симне срамот на својот народ по целата земја’ (Исаија 25:8).

За секој крст што морале да го носат, за секоја загуба што морале да ја поднесат, за секое прогонство што морале да го претрпат, дури и за загубата на овој земен живот, Божјите деца ќе бидат богато наградени. ‘И ќе го гледаат неговото лице, а неговото име ќе им биде на нивните чела’ (Откровение 22:4)“. – *Христовите очигледни поуки, 179,180.*

## 3. ХРАБРИОТ ПРИНЦ

**а. Кој бил верниот Јонатан и со кои квалитети тој веќе се истакнувал во Израел? 1. Самоилова 13:5; 14:1,6, 13-15, 20,23.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Во Јонатан, синот на Саул, Господ видел човек со чист интегритет – оној на кого можел да му се приближи и врз чие срце можел да делува“. – *Sons and Daughters of God, p. 208.*

„Како орудие за избавување на Израелците бил одбран царевиот син Јонатан човек кој се боел од Бога. Поттикнат со Божјиот Дух, Јонатан му предложил на својот момок, кој му го носел оружјето, потајно да го нападнат непријателскиот логор. ‘Можеби’, кажал тој, ‘Господ ќе ни помогне, бидејќи за Господа не е тешко да спаси преку мнозина или преку малкумина’...

Небесните ангели го штителе Јонатана и неговиот придружник, се бореле на нивна страна и Филистејците биле победени. Земјата се тресела како да била преплавена со мноштво коњаници и бојни коли што се приближуваат. Јонатан во тоа ги препознал знаците на Божјата помош, па дури и Филистејците увиделе дека Бог помага при ослободувањето на Израелците. Војската ја обзел силен страв и во долината и во овој истурен гарнизон. Во таа голема забуна тие во своите војници виделе непријатели и почнале да се убиваат едни со други”. – *Патријарси и пророци, 623.*

**б. Што покажало дека Јонатан не само што бил верен и храбар, туку бил и сакан меѓу луѓето, покажувајќи на тој начин дека е подесен за природен наследник на престолот на неговиот татко? 1. Самоилова 14:24,27, 43-45.**

__________________________________________________________________

„Славата за победата не му припаднала на Саула, но тој се надевал дека ќе му се оддаде чест за вака пројавената ревност во одржувањето на светосга на својата заклетва. Ќе го жртвува дури и својот роден син само да ги убеди своите приврзаници дека царскиот авторитет мора да се сочува... Иако била неумесна, а прекршокот направен во незнаење царот и таткото му изрекол смртна пресуда на својот син.

Меѓутоа, народот решително се спротивставил на извршувањето на таквата пресуда...

(1. Самоилова 14:45). Горделивиот владетел не се осмелувал да премине преку таа едногласна одлука на народот, и животот на Јонатана бил поштеден”. – *Патријарси и пророци, 625.*

## 4. НЕСЕБИЧНА ВЕРНОСТ

**а. Опишете ја длабочината на почитта која ја покажал Јонатан кон Давид и Божјата цел во ова пријателство. 1. Самоилова 18:1-4.**

___

„Срцето на Јонатан особено било наклонето кон Давидовото срце, и меѓу нив било воспоставено најсвето единство, кое останало сѐ до смртта на Саул и Јонатан. Ова било Божјо дело, за да може Јонатан да биде средство за зачувување на Давидовиот живот, кога Саул ќе се обиде да го убие“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 79.*

**б. Како Јонатан се заложил за Давид? 1. Самоилова 19:1-7.**

**в. Како Јонатан тогаш го изложил на ризик својот живот? 1. Самоилова 20:4, 13-17, 27-34. Опишете го потресниот момент кога Јонатан и Давид заедно тагувале поради тврдото срце на Саул. 1. Самоилова 20:41,42.**

___

„Роден како наследник на престолот, Јонатан сепак знаел дека по божествена наредба мора да се повлече; најнежен и најверен пријател на својот соперник, тој го изложил својот живот на опасност за да го заштити животот на Давид... името на Јонатан е забележано на Небото, а на Земјата стои како сведок за постоење на силата на несебичната љубов“. – *Воспитување, 157.*

**г. Што подоцна на Давид му донело утеха во пустината Зиф, и како ова го инспирирало неговото срце? 1. Самоилова 23:14-18; Псалм 11:1-5.**

„Во тоа време, кога на Давидовата патека имало мошне малку светли настани, пријатно го изненадила неочекуваната посета на Јонатан...

Кога Јонатан си заминал Давид ја крепел својата душа со пофални песни придружувајќи го својот глас со својата харфа додека пеел: „Кај Господ се засолнувам! Зошто и велите на душата моја: ‘Одлетај во горага своја како птица, зашто грешниците го затегнаа лакот, ја притегнаа стрелата своја на тетивата, па од мрак да стрелаат на чистите по срце. Ако темелите се разурнати, што може праведниот да стори?’ Господ е во својот свет храм. Господ е на престолот небесен; очите Негови гледаат, веѓите Негови ги испитуваат синовите човечки. Господ го испитува и праведниот и безбожникот, а Неговата душа ги мрази оние што уживаат во насилство“ (Псалм 11:1-5). – *Патријарси и пророци, 660,661.*

Четврток 21. јануари

## 5. СЕБИЧНОСТА ПОКОРЕНА

**а. Што треба како семејства да сфатиме за вистинското библиско пријателство и за ефектите од вистинската христијанска љубов? Јован 13:34,35; 15:13?**

„Нашата љубов често е одраз на себичност, бидејќи е ограничена во пропишани граници. Кога ќе се соединиме и блиску поврземе со Христа, нашата љубов, нашата наклонетост и нашето добродетелство со постојана примена ќе бидат сè поделотворни и подлабоки. Љубовта и сочувството на Христовите следбеници не смеат да има никакви ограничувања. Оние кои живеат само за „себе и за своето" нема да го наследат небесното царство. Бог ве повикува да негувате љубов, помалку да мислите на себе, а многу повеќе за страдањата и искушенијата на другите". – *3 Сведоштво, 529.*

**б. Наведете некои важни плодови на вистинската љубов. 1. Коринтјаните 13:4,5?**

„Сите оние што се исполнети со Неговиот Дух ќе љубат онака како што љубел Тој. Во сите свои меѓусебни односи ќе се раководат според начелото со кое се раководел Христос...

Кога луѓето се меѓусебно здружени и поврзани не со сила или со лични интереси туку со љубов, тие ќе покажат делување на една сила која е повозвишена од човечката. Таквото единство претставува очигледен доказ дека Божјиот лик е обновен во човечкиот род, дека е всадено едно ново начело на животот. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила која е во состојба да се спротивстави на натприродните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста што е вродена во човечкото срце. Таквата љубов покажана во црквата, сигурно ќе предизвика гнев кај сатаната". – *Копнежот на вековите, 677,678.*

Петок 22. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

**1. Зошто Бог ме води низ искуства слични на Давидовите?**
**2. Кога пустата, мрачна пештера се полни со светлина во духовна смисла?**
**3. Зошто Јонатан бил убеден дека Филистејците можат да се победат?**
**4. Кого можеби Бог сака да го посетам, како што Јонатан го посетил Давида во пештерата?**
**5. Кој вид на љубов – и кон кого – Господ ме повикува да негувам?**

# Развој на карактерот

**„Кој е долготрпелив подобар е од јунакот, и кој владее со себе, подобар е од освојувачот на град” (Изреки 16:32).**

„Ниту еден порок нема толку погубно влијание врз карактерот како човечките страсти што не се под контрола на Светиот Дух. Ниту една победа што можеме да ја освоиме, нема да биде толку скапоцена, како победата над себеси*“. – Здравје и среќа, 485.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 661-668.*

Недела 24. јануари

## 1. ВО СКЛАД СО БОЖЈИОТ ДУХ

**а. Како Бог му помогнал на Давид кај Кеила и Маон и што се забележува во молитвениот живот на Давид во ова тешко време? 1. Самоилова 23:1,2,5, 10-14, 26-284.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

**б. Што се случило кога Саул влегол во Енгадската пештера. 1. Самоилова 1:29, 1. Самоилова 24:1-6.**

„Давид имал сè на сè шестотини луѓе со себе додека Саул повел против него војска од три илјади војници. Во една осамена пештера синот на Есеја со своите луѓе очекувал Божји упатства. Кога Саул навлегол во планините, застанал и наполно сам влегол токму во онаа пештера но која биле скриени Давид и неговите луѓе. Кога го виделе тоа Давидовите луѓе, го навалиле Давида да го убие Саула. Фактот што царот сега бил во нивна власт го сметале за сигурен доказ дека сам Бог им го предал непријателот во раце за да го уништат. Давид се нашол во искушение и самиот работата да ја посматра од исто становиште, но гласот на совеста му зборувал: ‘Не дигај своја рака против Господовиот помазаник’.

Давидовите луѓе сепак не се согласиле да го остават Саула на мир. (1 Самоилова 24:4) Но подоцна го мачела совеста дури и поради тоа што ја оштетил царевата облека“. – *Патријарси и пророци, 661*

## 2. ВРАЌАЊЕ НА ДОБРОТО ЗА ЗЛОТО

**а. Што можеме да научиме од милостивата воздржаност на Давид кон Саул? Изреки 16:32; Римјаните 12:19-21.**

___

„Однесувањето на Давид кон Саул содржи поука. Со Божја наредба, Саул бил помазан за цар на Израел. Поради неговата непослушност, Бог објавил дека ќе му биде одземена таа позиција; а сепак колку бил односот на Давид кон него нежен, љубезен и воздржан“. – *Здравје и среќа, 484.*

„Однесувањето на Давид покажало дека тој има Владетел кому му се покорувал. Тој не дозволил природните склоности да добијат победа над него; зашто знаел дека ‘тој што владее над духот свој е поголем од оној кој освоил град’. Кога би бил воден и контролиран од човечки чувства, тој би заклучил дека самиот Господ го предал непријателот во рацете да го убие и да ја преземе власта над Израел. Духовната состојба на Саул била таква така што неговиот авторитет повеќе не се почитувал, а народот станал нерелигиозен и деморализиран. Сепак, фактот дека бил од Бога избран цар го чувала во безбедност, зашто Давид совесно му служел на Бога и никако не сакал да крене рака на Божјиот помазаник“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1021.*

**б. Опишете како Давид се обратил на Сауловото срце. 1. Самоилова 24:8-16.**

**в. Што треба да научиме од претпазливоста на Давид во поглед на Сауловиот наизглед топол одговор на неговото милосрдие? 1. Самоилова 24:17-23; Матеј 10:16.**

„Кога ги ислушал Давидовите зборови, Саул се скршил и не можел да не ја признае нивната вистинитост. Неговите чувства биле длабоко поттикнати кога сфатил дека целосно бил под власт на човекот што сакал да го убие...

Имајќи го на ум Сауловото однесување во минатото Давид не можел да се потпре врз ветувањата на дарот ниту да се надева дека неговата покајничка состојба долго ќе потрае. Затоа Давид, по Сауловото заминување, и понатаму останал во планинските засолништа.

Непријателството што го негуваат против Божјите слуги луѓето кои му се предале на сатаната понекогаш преминува во чувство на помирливост и наклоност, но таа промена не е секогаш трајна“. – *Патријарси и пророци, 662.*

## 3. УШТЕ РАЗОЧАРУВАЊА

**а. Што се случило во време кога се чинело дека Израел имал најмногу потреба од водство и безбедност? 1. Самоилова 25:1 (прв дел).**

______________________________________________________________________

„Во мигот кога народот поради внатрешни несогласија сè повеќе бил разединуван, а мудриот и богобојазлив совет на Самоил најпотребен, Бог својот стар слуга го повикал на починка. Горчливи мисли го обземале народот додека стоел крај гробот и размислувал за својата лудост што го отфрлиле како народен водач; а тој бил во толку близок допир со небото, што се чинело дека цел Израел го врзува со престолот на Јехова. Самоил бил тој кој ги учел да го љубат Бога и да му се покоруваат; а сега, по неговата смрт, народот чувствувал дека е препуштен на милост и немилост на царот кој се здружил со сатаната и кој нацијата потполно ќе ја одвои од Бога и од небото“. – *Патријарси и пророци, 664.*

„Споредувајќи го однесувањето на Саула со Самоиловото држење, народот увидел колку голема била грешката што барале цар...

Народот чувствувал дека Бог го напуштил. Царот се чинело дека бил на работ на лудило. Правдата е извртувана, а редот се повлекол пред презирот и срамот“ – *Патријарси и пророци, 663.*

**б. Каде побегнал Давид по смртта на Самоил, и што му го притискало неговото срце таму? 1. Самоилова 25:1 (последен дел); Псалм 120:1,2; 121:2,7,8.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Давид ја искористил приликата да побара посигурно место каде што ќе се засолни и побегнал во пустината Фаран. Таму ги составил псалмите 120 и 121“ – *Патријарси и пророци, 664.*

**в. Како љубезниот дух на Давид бил тестиран во Фаран? 1. Самоилова 25:4-12?**

______________________________________________________________________

„Давид со своите луѓе претставувал: за стадата на Навала еден вид заштитен ѕид; и сега го замолил тој богаташ да издели нешто од својот вишок за да им ги олесни потребите на луѓето кои му направиле толку драгоцени услуги. Давид и неговите луѓе сами можеле да земат од стадото колку што им било потребно, но тие тоа не го сториле. Се однесувале чесно. Меѓутоа, Навал не ја ценел нивната добрина“.– *Патријарси и пророци, 665.*

## 4. ОМЕКНУВАЧКО ВЛИЈАНИЕ

**а. Опишете ја реакцијата на Давид на неблагодарноста на Навал. 1. Самоилова 25:13,21,22.**

„(Давид) им наредил на своите луѓе да се приготват за борба; решил да го казни човекот кој одбил да му го пружи она што со право го побарал и кој кон неправдата додал и навреда. Таа брза одлука повеќе му одговарала на Сауловиот карактер отколку на Давидовиот, но синот на Есеја сè уште морал да се учи на трпение во школата на патилата”. – *Патријарси и пророци, 665.*

**б. Како реагирала сопругата на Навал, Авигеја? 1. Самоилова 25:14-20.**

___________________________________________________________________

**в. Што можеме да научиме од Авигеја, кога таа се сретнала со Давид? 1. Самоилова 25:23-31.**

„Побожноста на Авигеја се чувствувала како мирис на цвеќе, потполно несвесно во изразот на нејзиното лице, во нејзините зборови и движења. Во нејзината душа престојувал Духот на Божјиот Син. Нејзините зборови, полни со милост, со добрина и мир, имале небесно влијание. Давида го опфатиле подобри чувства и тој затреперил при помислата на последиците што би можел да ги има неговиот непромислен потфат. ‘Блазе на оние што градат мир, зашто ќе се наречат синови Божји’ (Матеј 5:9). Бог нека даде да има повеќе такви каква што била оваа Израелка, такви кои ги стивнуваат возбудените чувства, ги спречуваат непромислените постапки и со смирувачки зборови на вистинска мудрост отстрануваат големо зло.

Посветениот христијански живот секогаш шири светлина, утеха и мир. Негови обележја се чистота, тактичност, едноставност и полезност. Со нив управува онаа несебична љубов која го посветува влијанието. Таквиот живот е исполнет со Христов Дух и остава светли траги зад себе секаде каде што се движи човекот што го поседува. Авигеја била мудар учител и советодавец. Давидовата страст исчезнала под влијанието на нејзините зборови. Се уверил дека не постапил мудро и дека ја загубил власта над својот дух.

Со кротко срце го примил прекорот, што бил во сообразност со неговите зборови. ‘Тебе, Господе, те призивам и велам: Праведник нека ме удри тоа е љубезност за мене; нека ме искара тоа е мирисно миро за мојата глава и нема да го одбијам!’ (Псалм 141:5)”. – *Патријарси и пророци, 667.*

Четврток 28. јануари

## 5. ПРИМАЊЕ НА УКОР СО БЛАГОДАРНОСТ

**а. Објаснете ја длабочината на Давидовата почит кон омекнувачкиот дух на Авигеја и поуката во неа за нас. 1. Самоилова 25:32-35.**

______________________________________________________________________

„Има многу луѓе кои, кога ќе бидат укорени, себеси се сметаат за достојни за пофалба затоа што укорот го примиле без навреда; но малку има такви кои искрено им се благодарни на оние кои ги исправаат и сакаат да ги сочуваат од лоши постапки“. – *Патријарси и пророци, 667.*

**б. Како растел Давид во сите овие искуства? Римјаните 5:3-5.**

„Давид се заколнал дека Навал и неговото семејство ќе загинат; но сега видел дека погрешно било не само давањето на таква заклетва, туку дека погрешно би било и нејзиното извршување”. – *The Signs of the Times, October 26, 1888.*

**в. Иако резултатите од влијанието на Авигеја биле прекрасни, кој следен чекор Давид го презел и зошто тоа било погрешно? 1. Самоилова 25:38-44.**

„Подоцна Давид се оженил со Авигеја. Тој веќе бил женет, но обичаите во тоа време влијаеле врз неговото расудување и неговите постапки. Дури и големите и добри луѓе грешеле што се придржувале кон световните обичаи. Давид во целиот свој живот ги чувствувал горките последици на многуженството”. – *Патријарси и пророци, 668.*

Петок 29. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како Бог многу пати ме заштитил на начинот на кој го заштитил Давид?**
2. **Што го спречило Давид да му наштети на Саул, и како Саул одговорил на тоа?**
3. **Како прераната смрт на пророкот исто така се случила во време на духовна криза меѓу Адвентистите на седмиот ден?**
4. **Што треба да научам од ситуацијата кога треба да се справам со некој како Навал?**
5. **Што треба да се сетам следниот пат кога ќе бидам укорен за нешто?**

Сабота, 6. февруари 2021.

## Дар во првата сабота
## За Северен Киву, ДР Конго



Северен Киву е провинција во Демократска Република Конго (ДРК), која се наоѓа во централна Африка. Со оглед на својата положба на исток ДРК, Северен Киву се граничи со Република Руанда и Уганда, и како таква се поврзува со мисијата на Унијата на РДАСД Руанда.

Во 2006. година браќата од Руанда дошле во Северен Киву каде дистрибуирале памфлети и организирале библиски проучувања кои донеле одлични резултати.

Година дена подоцна, група од 156 души радосно се приклучила на црквата преку обредот на крштевање. Во моментов имаме 750 крстени членови. Делото во овој регион константно продолжува да расте.

За жал, меѓу оние кои и се придружиле на црквата имаше и 14 наставници од другите црковни заедници кои поради нивната вера биле исклучени од нивните цркви и на тој начин автоматски останале без работа. Тие сега се во своите домови преживуваат така што садат толку колку им е доволно да ги прехранат своите семејства. Нашите деца не се во состојба да одат на училиште поради саботата, и тоа е проблем кој ги погодува 80% од нашите млади луѓе.

Браќата би можеле да се снајдат за да преживеат, но поради постојаните војни што траат на овие простори не можат да живеат постојано на исто место. Дури и кога ќе наиде сезоната за сеење, браќата бегаат кога група на војници доаѓа и зема сè што расте во почвата.

Во светлината на сето ова, ние купивме четири хектари земја за браќата заедно да се занимаваат со земјоделство, како и да изградиме основно училиште и црква. Благодарение на Божјото провидение, веќе имаме наставници и ученици желни да стекнат образование, истовремено почитувајќи ги Неговите начела. Нам ни е кажано: „да основаме училишта за образование и обука на нашите деца, и да ги поттикнеме младите да одат во овие училишта. Учителите кои работат во нашите образовни институции мораат да бидат наставници кои се бојат од Бога и ги држат Неговите заповеди.“ -Manuscript Releases 4, 109.

Поради оваа причина апелираме до сите наши браќа, сестри и пријатели ширум светот за ваша љубезна помош. Се молиме Бог да ги поттикне вашите срца, така што донациите за овој проект можат да бидат изобилни – Господ да биде прославен и пораката на спасението да биде однесена до секое племе, народ и јазик.

Однапред ви благодариме за вашиот великодушен придонес кон овој проект за изградба.

***Вашите браќа и сестри од Северниот регион на Африка***

# Давид и Саул

**„Господ ми е светлина и спасение, од кого да се плашам? Господ е штит на мојот живот, пред кого да треперам?” (Псалм 27:1).**

„Оние што му се верни на Бога не треба да се плашат од човечката моќ, ниту од непријателството на сатаната”. – Копнежот на вековите, 356.

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Здравје и среќа, 484-493.*

Недела 31. јануари

## 1. ВО ПУСТИНАТА ЗИФ

**а. Опишете го односот на Давид кон неговиот прогонител? 1. Самоилова 26:2, 7-16.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Кога Саул повеќе пати бил ставен под власта (на Давид), а неговите следбеници имале намера да го убијат, Давид тоа не им го дозволувал, иако бил во постојан страв за својот живот, а Саул го гонел како дива ѕверка”. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 91.*

**б. Зошто Саул, дури и сега, бил толку опасен? 1. Самоилова 26:17-21.**

„Луѓето наклонети кон зло, кои зборуваат лошо за Божјите слуги и им прават неправда, понекогаш ги обзема длабоко убедување дека биле неправедни. Духот Господен се бори со нив и тие стануваат кротки пред Бога и пред оние чиешто влијание сакале да го уништат, и можат дури да го изменат своето однесување кон нив. Но штом ќе им ја отворат вратата на лошите дошепнувања, старите сомнежи се будат, старото непријателство пак се јавува и тие повторно го прават она за што се каеле и што извесно време го напуштиле. Повторно зборуваат зло за оние на кои понизно им го признале гревот и ги обвинуваат на најогорчен начин. Со таквите души сатаната може да завладее со многу поголема сила од порано, зашто продолжиле да грешат и при многу поголемо видело”. – *Патријарси и пророци, 662,663.*

## 2. ЗЛОТО НА ЗАВИСТА

**а. До кој степен можело да му се верува на Сауловиот одговор на Давидовата милост – и зошто? 1. Самоилова 26:23-25; 27:1**

______________________________________________________________

„Тоа што Давид и по вторпат му го поштедил животот на својот господар оставило уште подлабок впечаток врз Сауловиот дух и го поттикнало уште поскршено да ја признае својата грешка. Појавата на толкава добрина го изненадила и го скршила... Но синот на Есеја не можел да се надева на едно такво трајно расположение од страна на царот”. – *Патријарси и пророци, 671,672.*

„(Саул) го слушал секое лажно сведоштво, жедно прифаќајќи сè што фрлило сенка врз Давидовиот карактер, надевајќи се дека можеби ќе најдат изговор за својата сè поголема завист и омраза кон оној што бил помазан за израелскиот престол. Верувал во секоја гласина, без оглед колку била недоследна и неспоива со Давидовиот карактер и неговите вообичаени и познати постапки”. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1019.*

**б. Објаснете како зависта, која го уништила Сауловиот живот, е честа причина за беда кај многу луѓе денес. Изреки 14:30 (последен дел); 27:4.**

______________________________________________________________

„Саул се понижил поради својата завист и станал опасен за својот понизен приврзаник. Колку големи несреќи предизвикала таа карактерна црта во нашиот свет!... Зависта е ќерка на горделивоста и ако ја негувате во своето срце, ќе предизвика омраза, а можеби и одмазда и убиство. Сатаната го покажувал својот карактер со тоа што кај Саула разгорувал гнев против оној кој никогаш ништо лошо не му сторил”. – *Патријарси и пророци, 651.*

„Зависта и љубомората се како две сестри кои заедно дејствуваат. Зависта ќе го наведе човекот да посака нешто што другиот човек поседува, и ќе го поттикне да се послужи со сите средства кои се во негова моќ да му наштети и нанесе неправда на карактерот и угледот на оној на чие место сака да биде. Таквиот човек ќе шири лага, гласини и клеветнички извештаи наоколу и нема да се воздржи од било што како би направил околината со неодобрување да гледа на човекот кој е предмет на зависта. Љубомората го наведува човекот да се посомнева дека друг сака да го лиши од некои предности и положби. Саул во себе негувал и завист и љубомора”. – *The Signs of the Times, No¬vember 2, 1888.*

## 3. БРЗАЊЕ ВО ПРОПАСТ

**а. Покрај зависта, наведете уште една особина на Саул која треба да ја избегнувате. Јован 12:43.**

______________________________________________________________________

„Голема мана на карактерот на Саула била неговата љубов кон наклоност. Таа карактерна црта имала пресудно влијание врз неговите постапки и мисли; сѐ било обележано со стремеж кон пофалба и самоизвишување. Неговото мерило за правдата и неправдата било она ниско мерило на народната наклоност. Секој што се труди да им се допадне на луѓето, во животот нема да биде сигурен како оној што се труди пред сѐ да стекне Божјо одобрување” – *Патријарси и пророци, 650.*

**б. Која судбина од трагичното искуство на Саул треба да послужи како предупредување на секоја богобојазлива душа? Изреки 26:24-27.**

„Оној против кого царот се борел не бил човекот Давид, кој не му направил ништо лошо. Тој бил во спор со Царот на небото; зашто, откако ќе му биде дозволено на сатаната да го контролира умот со кој нема да управува Јехова,  тој ја спроведува неговата волја, сѐ додека човекот не стане најуспешното орудие во остварувањето на неговите лукави планови. Непријателството на големиот зачетник на гревот против Бога и Неговите намери е толку огорчено, неговата сила на зло е толку страшна, така што кога луѓето ќе ја прекинат својата врска со Бога, сатаната влијае врз нив и нивниот ум сѐ повеќе го заробува да му биде покорен нему, сѐ додека потполно не го отфрлат Божјиот страв и почитта кон луѓето, и стануваат храбри и отворени непријатели и на Бога и на Неговиот народ”. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1019.*

**в. Како горчината, која Саул ја негувал, влијаела штетно на него и на целата нација? Псалм 52:2-5; Исаија 3:12 (втор дел).**

„Каков пример им дал Саул на поданиците на своето царство со својот очаен, со ништо неиспровоциран прогон на Давид! Каков запис тоа оставило на страниците на историјата за идните генерации! Сета сила и власт на своето царство тој преку каналот на својата омраза ја насочил во лов на невин човек. Сето ова имало деморализирачко влијание врз Израел”. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1019.*

## 4. РАЗОТКРИВАЊЕ НА КОРЕНОТ

**а. Која е вистинската причина за зависта? Лука 4:5-8; Матеј 27:17, 18, 29-31.**

---

„Христовото предавство, судење и распнување биле планирани од паднатиот непријател. Неговата омраза, извршена во смртта на Божјиот Син, им го открила вистински ѓаволски карактер на сите создадени разумни битија кои не падналe во грев.

Светите ангели биле ужаснати кога виделе дека еден од нив можел да падне толку длабоко што бил способен за таква суровост”. – *The Spirit of Prophecy, vol. 3, p. 183.*

**б. Опишете со која стратегија се служи сатаната против нас денес? Јаков 3:14-16.**

„Сатаната ги искушува поединците. Своите подмолни дошепнувања тој ги подметнува многу лукаво, поттикнувајќи сомнеж и недоверба во зборовите и постапките на оние кои се наоѓаат на одговорни положби и кои се трудат со својата работа да ги остварат Божјите намери. Сатаната посебно се труди од Бога избраните луѓе да ги опсипува со неволји, збунетост и спротивставување за да ги спречи во нивната работа и, доколку е можно, да ги направи малодушни. И најдобрите напори на Божјите слуги, избрани да извршат некоја посебна задача, можат во голема мера да бидат осуетени од завист, кавга и зли претпоставки.

Со посредство на своите агенти сатаната постојано настојува таквите луѓе да ги оттргне од положбата која според нивна должност им припаѓа. Сите оние кај кои може да пробуди недоверба и сомнеж тој постојано ги користи како свои орудија... Ако не се под непосредно влијание на Божјиот Дух, луѓето по природа се склони на завист, сомнеж и свирепа недоверба, со особини кои - доколку не се искоренат - раѓаат желба други да се поткопаат и срушат, за тие во својата себичност да се издигнат над нивните урнатини”. – *3 Сведоштво, 343.*

„Ни претстојат тешки времиња. Насилството и уништувачкото делување се зголемуваат. Во црквата се води сѐ поголема борба за превласт и луѓето кои се поставени на одговорни положби сметаат дека нивно право е да владеат.

Луѓето кои Господ ги поставил на одговорни положби во своето дело, мораат да негуваат понизност и секогаш да се чувствуваат зависни од Него. Тие не смеат да копнеат да добијат што поголем авторитет и углед, зашто Бог не ги повикал да заповедаат, туку да работат советувајќи се со своите соработници. Секој работник мора да се покорува на Божјите барања и поуки”. – *9 Сведоштво, 270.*

Четврток 4. февруари

## 5. НАДЕЖ СРЕДЕ БУРА

**а. За разлика од Саул, како можеме да бидеме вдахновени од однесувањето на Давид во пустината, дури и во најтешките моменти? Псалм 27:1-3; 59:1-3, 17.**

____________________________________________________________________

„Давид составил многу псалми во пустината, каде бил принуден да побегне заради безбедност... Додека Давид минувал низ тешки искушенија и тешкотии, тој покажал непоколеблива доверба во Бога и бил особено проткаен со Неговиот Дух кога ги составувал своите песни кои ги раскажуваат неговите опасности и избавувања, припишувајќи му слава и чест на Бога, неговиот милостив заштитник. Во овие псалми се гледа дух на жар, преданост и светост". – *The Spirit of Prophecy, vol. 1, pp. 386, 387.*

**б. Која надеж го охрабрила срцето на Давид во пештерата – и како оваа надеж може да се рефлектира во нашиот живот? Псалм 142:1-7; 31:23,24.**

____________________________________________________________________

„Не треба да се изненадите ако на патот кон небото не е секогаш сè пријатно... Одете секој ден напред, молејќи се како Давид: 'Стапките мои беа непоколебливи на патиштата Твои, нозете мои не застранија'. Низ сите патишта во животот демне опасност; меѓутоа, ќе бидеме сигурни само ако одиме по оној пат кој нè води кон големиот Учител, имајќи целосна доверба во Оној кој вели: 'Пројдете по мене'". – *The SDA Bible Commentary, [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1143.*

Петок 5. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да негувам дух сличен на Давидовиот кон оние што можеби ме мразат?**
2. **По што се разликува љубомората од зависта - и зошто треба да го избегнувам и едното и другото?**
3. **Што го натерало Саула да прибегне кон таква решеност да го уништи својот соперник?**
4. **Опишете како сатаната ја користи зависта како оружје против Божјиот народ денес?**
5. **Како Бог честопати ме тешел, како што правел со Давид во пештерата?**

7. лекција Сабота, 13. февруари 2021.

# Опасност од компромиси

**„Се надевам на Бога и нема да се плашам: што може да ми направи човек” (Псалм 56:11).**

„Сè додека душата со непоколеблива доверба се потпира на заслугите и силата на Откупителот, таа во начелата ќе биде цврста како карпа и сите сили на сатаната и неговите ангели нема да можат да ја натераат да скршне од вистинскиот пат“. – *4 Сведоштво, 357,358.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патр., и пророци, 672-674, 690-696*

Недела 7. февруари

## 1. СО АХИС ВО ГАТ

**а. Зошто начинот на кој Давид избрал да се ослободи од притисокот на Саул бил спротивен на Божјата волја? 1. Самоилова 27:1-4.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Не прашувајќи го Бога за совет Давид заклучил дека Саул сигурно ќе ја изврши својата убиствена намера. Меѓутоа дури и кога Саул го гонел и се обидувал да го уништи, Господ настојувал да му го обезбеди царството. Бог ги извршува своите планови, Иако тие за човечкото око може да изгледаат обвиени со тајна. Луѓето не можат да ги сфатат Божјите патишта и, гледајќи го она што се гледа, сите маки и искушенија што ги дозволува Бог ги толкуваат како нешто што е насочено против нив и што ќе им послужи само на пропаст. Така и Давид го гледал она што се гледа, а не Божјите ветувања. Се сомневал дека кога било ќе се добере до престолот. Долгите искушенија ја заморувале неговата вера и го исцрпувале неговото трпение.

Господ не го пратил Давида да бара заштита кај најогорчените непријатели на Израел Филистејците. Токму тој народ на крај ќе му биде најголем непријател, а сепак, кога имал неволја, побегнал кај нив од нив да побара помош... Бог одредил тој да го издигне неговото знаме во земјата на Јуда, но недостигот од вера го навел без наредба од Господа да го напушти местото каде што требало да ја изврши таа должност“. – *Патријарси и пророци, 672.*

## 2. ПОГРЕШНО ВРЕМЕ/ПОГРЕШЕН ГОВОР

**а. Како Ахис го примил Давида, и на кој начин и ние можеме да паднеме во опасност да ја направиме истата грешка како Давид? 1. Самоилова 27:5-7?**

______________________________________________________________

„Со своето неверство Давид го обесчестил Бога. Филистејците повеќе се плашеле од Давида отколку од Саула и од сета негова војска. Со тоа што побарал заштита кај Филистејците Давид ја оддал слабоста на својот сопствен народ. Со тоа ги охрабрил овие неуморни непријатели да го угнетуваат Израел. Давид бил помазан да го брани Божјиот народ; Бог не сака неговите слуги да ги охрабруваат безбожниците откривајќи им ги слабостите на својот народ или оставајќи впечаток дека не им е грижа за неговата благосостојба. Освен тоа, тој кај своите браќа создал впечаток дека отишол кај незнабошците за да им служи на нивните богови. Со својата постапка дал повод неговите намери погрешно да се толкуваат, а кај мнозина однапред предизвикал нерасположение кон себе. Го сторил токму она што го сакал сатаната, зашто, пребегувајќи кај Филистејците, тој предизвикал кај Божјите непријатели и непријателите на Божјиот народ одмазденичка радост. Давид не престанал да му служи на Бога ниту попуштил во ревноста за неговото дело; но довербата во Бога и ја жртвувал на личната безбедност и со тоа го извалкал исправниот и верен карактер што се бара од Божјите слуги.

Филистејскиот цар срдечно го примил Давида. Топлината на тој прием делумно можела да му се припише на фактот што царот му се восхитувал додека од друга страна, на царевата суета му ласкало тоа што еден Евреин дошол кај него да побара заштита“. – *Патријарси и пророци, 672,673.*

**б. Кое зло произлегло од измамувачките зборови на Давид? 1. Самоилова 27:8-12.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„За време на својот престој во тој град (Сиклаг) Давид војувал против Гесуреите, Гергесеите и Амалиците и никого не го оставал жив да отиде во Гат за да јави што се случило. Секогаш кога се враќал од бој, му јавувал на Ахиса дека се борел против својот народ, против Јудејците... Давид знаел дека Божја волја била тие незнабожечки племиња да се истребат и дека тој бил одреден да го стори тоа но, лажејќи ги Филистејците, не постапувал според Божјиот совет“. – *Патријарси и пророци, 673.*

## 3. ПОТРЕБА ЗА БОЖЈО ИЗБАВУВАЊЕ

**а. Како Давид упаднал во уште подлабоки неволји? 1. Самоилова 28:1,2. Која негова молитва открива дека на крајот извлекол поука од таквите грешки? Псалм 141:3.**

_______________________________________________________________________

„Давид немал намера да дига рака против својот сопствен народ. Меѓутоа, не знаел што да прави сѐ додека околностите не му укажале на должноста. Затоа му одговорил на царот преправајќи се: ‘Сега ќе видиш што ќе стори твојот слуга’. Ахис тие зборови ги сфатил како ветување дека Давид во претстојната битка ќе му помогне, па му се заколнал дека ќе му укаже чест и на филистејскиот двор ќе му подари висока положба“. – *Патријарси и пророци, 674.*

**б. И покрај грешката на Давид, како Господ милостиво го избавил од неприликите со Ахис? 1. Самоилова 29:1-5.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„За него многу подобро би било да не го напуштил своето прибежиште, од Бога создадената сигурна тврдина на израелските планини, отколку што отишол кај заколнатиот непријател на Јехова и непријател на својот народ. Но Господ во својата голема милост овој погрешен чекор на својот слуга не го казнил со тоа што ќе го препушти самиот на себе во тој тежок миг на неизвесност и очај; зашто, Иако Давид ја загубил довербата во Божјата сила и скршнал од патеката на строга послушност, сепак верноста кон Бога останала и натаму главна цел на неговото срце. И додека сатаната и неговите демони настојувале да ги помогнат непријателите Божји и непријателите на израелскиот народ да прават планови против царот кој го отфрлил Бога, Господовите ангели се труделе да го извлечат Давида од опасноста во која паднал. Небесните гласници ги поттикнале филистејските кнезови да протестираат против Давидовото учество и учеството на неговите луѓе во претстојниот судир“. – *Патријарси и пророци, 690.*

**в. Опишете ја реакцијата на Ахис кога го испратил Давида дома. 1. Самоилова 29:1-6. Какви чувства требало да предизвика ова кај Давид.**

„Царевиот одговор сигурно во срцето на Давида предизвикал срам и грижа на совеста при помислата колку недостојни биле за еден слуга на Јехова измамите кон кои тој прибегнал“. – *Патријарси и пророци, 691.*

## 4. ЕДИНСТВЕНАТА НАДЕЖ

**а. Колку е важно нашиот говор да биде чист, особено во овие последни денови и како ова е единствено можно? Откровение 14:1,5; Јаков 4:8.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Нека твојот живот биде ослободен од измамнички постапки.“ – *Совети за детето, 150.*

**б. Опишете со што се соочил Давид во Сиклаг. 1. Самоилова 30:1-6 (прв дел).**

„Овде Давид по вторпат бил опоменат за недостиг на вера, што и го навело да дојде кај Филистејците. Сега имал можност да види колкава сигурност може да се најде кај непријателите Божји и непријателите на неговиот народ.“ – *Патријарси и пророци, 692.*

**в. Што одлучил Давид во овој час на криза? 1. Самоилова 30:6 (последен дел); Псалм 56:1-3, 10-12).**

„Како можел (Давид) да очекува дека Бог на Израел ќе го заштити, кога се здружил со најжестоките непријатели на својот народ?... Дали можел со право да се надева дека ќе се спаси барајќи азил со луѓе што Бог ги одредил за истребување?.“ – *The Signs of the Times, November 9, 1888.*

„Давид се чувствувал лишен од секаква човечка помош. Сè што му било мило на овој свет, му било одземено. Саул го истерал од неговиот роден крај, Филистејците го истерале од својот логор, Амалиците го ограбиле градот во кој живеел, неговите жени и деца биле одведени во ропство, неговите најблиски пријатели и соборци се побуниле против него и дури му се заканиле со смрт. Во тој миг на крајна неволја Давид наместо да размислува за мачните околности сериозно се помолил на Бога за помош ‘и се охрабри во својот Господ Бог’. Си спомнал за сè од својот живот во минатото кој бил полн со настани. И дали Бог некогаш дури и за миг го напуштил? Душата му се освежила кога си спомнал за безбројните докази на Божјата милост. Давидовите луѓе со своето незадоволство и нетрпение само ја зголемувале својата болка, но Божјиот слуга, кој имал уште поголема причина да тагува, храбро се држел. Зборови на неговото срце биле: ‘Кога се плашам, јас се надевам во тебе’ (Псалм 56:3). Иако ни самиот тој не можел да го види патот што ќе го изведе од тешкотиите, Бог го видел излезот и можел да го поучи што да прави.“ – *Патријарси и пророци, 692,693.*

Четврток 11. февруари

## 5. НАШИОТ ДАРЕЖЛИВ ДАРИТЕЛ

**а. Како Господ ја услишил молитвата на Давид? 1. Самоилова 30:7-9, 16-19.**

___

„Меѓутоа, тие решиле да ги поштедат заробените, бидејќи сакале да ја зголемат славата на својата победа одведувајќи голем број заробеници, кои подоцна имале намера да ги продадат како робови. Така, оставајќи ги заробените живи, несвесно ја исполнувале Божјата намера тие подоцна да се вратат кај своите мажи и татковци“. – *Патријарси и пророци, 694.*

**б. Каква духовна поука е содржана во одлуката на Давид во врска со собраните дарови? 1. Самоилова 30:20-26; Јован 4:36-38.**

„Победниците со голема радост се упатиле дома. Кога пристигнале кај своите другари што заостанале, себичните меѓу нив барале оние што не учествувале во борбата да не учествуваат ниту во поделбата на пленот. Но Давид не се согласил со тој предлог. (1 самоилова 30:23,24). Така проблемот бил решен и тоа подоцна во Израел станало правило: сите учесници во воениот поход рамноправно да учествуваат и во поделбата на пленот како оние кои биле директно во борбата, така и нивните помагачи од задницата“. – *Патријарси и пророци, 694.*

„Денес во големото Божјо поле на жетва, Бог има потреба од сејачи и жетвари. Нека оние кои тргнуваат на работа – едни да сеат, а други да жнеат – имаат на ум дека славата за успехот во таа работа никогаш не треба да ја припишуваат себеси...

‘И жетварот веќе добива плата и собира плод за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот’ (Јован 4:36). Внимателно прочитајте ги овие зборови. Проучете го нивното значење; зашто тие го оцртуваат Божјиот план“. – *Gospel Workers, p. 409.*

Петок 12. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можеме да избегнеме да ја прифатиме логиката на Давид при одењето во Гат?**
2. **Објаснете ги опасностите својствени на светскиот стил на дипломатијата.**
3. **Размислете за начините на кои Бог ги избавува искрените души во неволја.**
4. **Опиши ја позадината на Псалмот 56.**
5. **Кои се придобивките од духовното сеење и жнеење?**

# Понизниот бива возвишен

**„Зашто, секој кој се возвишува, ќе биде понизен; а кој се понизува, ќе биде возвишен” (Лука 14:11)).**

„Така Израел го добил царот што го одредил Бог, а Давид, кој стрпливо го чекал Господа доживеал да види како се исполнуваат Божјите ветувања”. *– Патријарси и пророци, 702.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патр., и пророци, 675-689, 697-706.*

Недела 14. февруари

## 1. ЗАВИСТА ГО РУШИ ЦАРСТВОТО

**а. Објаснете ги последиците од занемарување на царот Саул кон неговите лидерски должности - и длабочината на злото во кое потонал. 1. Самоилова 28:1 (прв дел), 5-7.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Додека царот и неговите советници планирале како да го фатат Давид, животните интереси на нацијата биле потполно запоставени... Следејќи ги диктатите на сатаната, Саул набргу го остварил токму она што со своите непосветени сили се обидувал да го избегне“. *– The SDA Bible Commentary, [E. G. White Comments], vol. 2, p. 1019.*

„(Саул) го напуштил Бога, и долго го барал оној што склучил завет со смртта и договор со пеколот, заради знаење“. *– Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 84.*

**б. Од каде знаеме дека измамата на сатаната го мамела царот во неговата пропаст? 1. Самоилова 28:8,11, 13-20; Јов 7:9.**

„Но под влијание на волшебничките зборови на една вештерка не се појавил светиот Божји пророк. Самоил не присуствувал при таа посета на лошите духови. Таа натприродна појава ја предизвикала само силата на сатаната. Тој исто така можел да се престори во Самоила како што се престорил во светлосен ангел кога го искушавал Христа во пустината“. *– Патријарси и пророци, 679.*

## 2.ПРЕСТОЛОТ ИСПРАЗНЕТ

**а. Што конечно го убило царот Саул? 1. Самоилова 31:1-6; 1. Летописи 10:13,14?**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

„За сето време додека Саул со своите дела му се противел на Бога, сатаната му ласкал и го мамел. Искушувачот ја намалува грешноста на гревот и патеката на престапот ја прави лесна и привлечна со цел срцето да стане нечувствително кон Господовите опомени и закани. Сатаната со својата восхитувачка сила го наведувал Саула, наспроти

опомените и упатствата на Самоил да го правда својот став. А сега, кога Саул се нашол во крајна неволја, тој се свртил против него укажувајќи му на огромноста на неговиот грев и на неможноста да добие проштавање; со тоа сакал да го фрли во очај. Навистина не можел да смисли ништо полошо за да ја уништи неговата храброст и да го помати неговиот разум да го совлада со очај и да го наведе на самоуништување...

Со тоа што му се обратил на духот на мракот, Саул самиот себеси се уништил“. – *Патријарси и пророци, 680,681.*

„Саул знаел дека со овој последен чин, советувањето со вештерката од Ендора, ја раскинал и последната врска која го врзувала со Бога... Чашата на неговото беззаконие била полна“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 85.*

**б. Која јасна забрана Бог дава против наводната комуникација со мртвите (некроманија)? Второзаконие 18:10-12; Левитска 20:27?**

**в. Што треба да научиме од начинот на кој Давид одговорил на Сауловата смрт? 2. Самоилова 1:4,11,12, 17-21; Матеј 5:43-45.**

„Болката на Давида поради смртта на Саула била искрена и длабока и во исто време ја откривала великодушноста на една навистина благородна природа. Тој не се радувал за смртта на својот непријател. Пречката што му стоела на патот да седне на израелскиот престол била отстранета, но тој не се радувал за тоа. Смртта го избришала споменот на Сауловата недоверба и свирепост и тој веќе не си спомнувал за ништо од неговиот живот освен за она што кај него било царско и благородно. Освен тоа, името на Саула било поврзно со споменот на Јонатана кој му бил толку верен и несебичен пријател“. – *Патријарси и пророци, 695.*

## 3. МИЛОСТ КОН НЕПРИЈАТЕЛИТЕ

**а. Раскажете ги Давидовите активности по неговиот период на жалост. 2. Самоилова 2:1-7.**

**б. Кој бил Авенир, и како тој му создавал проблеми на Давид? 2. Самоилова 2:8-11.**

________________________________________________________________

„Околностите во кои се нашол Авенир го откриле неговиот вистински карактер и покажале дека бил славољубив и непринципиелен. Тој со роднински врски бил тесно поврзан со Саула и под влијание на царот го презирал човекот кој бил од Бога одбран да владее со Израел. Неговата омраза уште повеќе се засилила кога Давид онака остро го прекорил што дозволил на царот да му го украдат копјето и чашата додека спиел во логорот... (1 Самоилова 25:15,16) Тој прекор тлеел во неговите гради и затоа решил својата одмаздничка намера да ја оствари на тој начин што ќе предизвика поделба меѓу Израелците и ќе се извиши самиот себеси“. – *Патријарси и пророци, 698,699.*

**в. Како бил поставен престолот, и како Давид ги допрел срцата на Израелците со својата благородност кон непријателот? 2. Самоилова 3:1, 30-37.**

________________________________________________________________

„Со тоа што великодушно му укажал почит на човекот кој бил негов огорчен непријател Давид задобил доверба и поттикнал восхит кај сиот израелски народ...

Тој (Авенир) тврдоглаво му се спротивставувал на царот што го избрал Бог, посакувајќи со тоа да си осигури чест за себе... Кога неговите очекувања би се оствариле, неговата голема надареност, частољубието, неговата моќ да влијае врз луѓето, како и недостигот на побожност, би го довеле во опасност Давидовиот престол, мирот и благосостојбата на нацијата“. – *Патријарси и пророци, 700.*

**г. Како реагирал Давид на постапките на некои што сакале да ја придобијат неговата наклонетост убивајќи го Сауловиот син Ишбошет, неговиот потенцијален ривал? 2. Самоилова 4:5,6, 9-12.**

________________________________________________________________

„Давид, чијшто престол го утврдил сам Бог, ослободувајќи го од неговите противници, не сакал помош од предавници за да ја зацврсти својата власт“. – *Патријарси и пророци, 701.*

## 4. НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**а. Како Давид, благодарение на карактерот што го развил, ја добил поддршката од целиот Израел? 2. Самоилова 5:1-5, 10; Лука 14:11 (последен дел).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„На тој начин Божјото провидение му го израмнило на Давида патот кон престолот. Тој не настојувал да го задоволи своето сопствено частољубие, зашто не копнеел за честа што му била укажана“. – *Патријарси и пророци, 701.*

„(Давидовата) цврстина, понизноста, љубовта кон правдата и одлучноста на карактерот го квалификувале да биде подесен да ги извршува високите Божји цели...

Неговиот религиозен карактер бил искрен и ревносен. Сè додека Давид бил верен на Бога и ги поседувал овие возвишени црти на карактерот, Бог го нарекувал човек по своето срце“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 85, 86.*

**б. Како Давид планирал да ја признае Божјата надмоќ? 2. Самоилова 6:1,2.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**в. Што се случило со Уза и зошто? 2. Самоилова 6:3-7; Броеви 4:15; 7:6-9.**

„Судбината на Уза претставувала Божја казна за прекршок на изричната заповед. Бог преку Мојсеја дал посебни упатства за пренесување на ковчегот на заветот... изнесувајќи го ковчегот од Вала Јудина, Израелците директно и непростливо се огрешиле против Господовите упатства“. – *Патријарси и пророци, 705.*

„Гревот на Уза се состои во тоа што се осмелил да ја пречекори границата на дозволеното. Престапувањето на Божјиот закон ја ослабело неговата свест за светоста на истиот и, не каејќи се за своите гревови, тој и покрај изричната Божја забрана се осмелил да го гибне симболот на Божјото присуство. Бог не може да прифати никаква делумна послушност, ниту да го одобри немарното или лекомислено однесување кон неговите заповеди. Казнувајќи го Уза, Бог сакал на сите Израелци да им укаже на тоа колку е важно строго да се придржуваме кон неговите барања. Така смртта на еден човек, наведувајќи го народот на покајание, ја отстранила казната од безброј илјадници“. – *Патријарси и пророци, 706..*

Четврток 18. февруари

## 5. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ПРЕТПОСТАВКИ

**а. На какви предупредувања треба да обрнеме внимание против смелата и горда човечка склоност кон разни форми на претпоставки? Дела 17:30,31; Јаков 4:17.**

___

„Давид и неговите приврзаници се собрале да извршат еден свет чин и кон тоа пристапиле наполно доброволно и со радосно срце; но Господ не можел да ја прими нивната служба, зашто не била изведена сообразно со неговите наредби. Филистејците, кои не знаеле ништо за Божјите закони, ковчегот го ставиле на кола кога им го враќале на Израелците и Господ ги прифатил нивните напори. Меѓутоа, Израелците ја познавале Божјата волја во тој поглед, па занемарувањето на неговите упатства значело обесчестување на Бога“. – *Патријарси и пророци, 705,706.*

„Не е доволно да имаме добри намери; не е доволно да го правиме она што го сметаме за исправно или затоа што проповедникот кажува дека тоа е правилно. Во прашање е спасението на нашата душа и затоа Светото Писмо секој мора да го истражува за себе“. – *Големата борба, 598.*

„Господ не поставил ниту едно од своите човечки орудија под диктат и контрола на оние кои и самите се грешни смртници... (Бог) ќе им суди на оние кои таквата власт сами ја преземале. Тие имаат нешто од истиот дух кој го навел Уза да ја стави својата рака под Божјиот ковчег за да го придржи, како Бог да не е во состојба да се грижи за своите свети симболи. Би требало да применуваме далеку помалку човечка сила и авторитет кон орудијата преку кои Бог работи. Браќа, оставете Бог да владее!“. – *Testimonies to Ministers, pp. 347, 348.*

„Бог го води своето дело и тешко на човекот што ќе ја стави својата рака на Божјиот ковчег“. – *Manuscript Releases, vol. 16, p. 114.*

Петок 19. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Опишете го падот на царот Саул.**
2. **Како можам да се однесувам слично на Давид кога ја слушнал веста за смртта на Саул?**
3. **Како можам да станам сличен на Давид во неговиот однос кон Авенир и Ишбошет?**
4. **Што може да доведе до тоа да упаднам во духовна опасност како Уза?**
5. **Наведете неколку начини на кои би можел да бидам виновен за гревот на Уза денес?**

# Растејќи во Божјата мудрост

**„Почеток на мудроста е верноста кон Господ, а почитувањето на Светиот е разум” (Изреки 9:10).**

„Сфатил дека само со Божја сила може да дојде на престолот; дека само во Божјата мудрост може да владее разумно”. – *Воспитување, 152.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 706-713.*

Недела 21. февруари

## 1. СТРАВОПОЧИТ КОН ОНА ШТО Е СВЕТО

**а. Откако Уза бил казнет со смрт бидејќи го допрел ковчегот, што направил Давид – како што би требало и секој од нас - за светоста на Божјиот закон? 2. Самоилова 6:8-10. Како и зошто бил награден Овид-Едом? 2. Самоилова 6:11; Изреки 9:10.**

____________________________________________________________________

„Давид бил силно погоден и мошне вознемирен и во своето срце дури ја доведувал во прашање Божјата правда. Тој имал намера да му укаже слава на ковчегот на заветот, како симбол на Божјото присуство. Тогаш зошто се случило таа страшна казна радоста да ја претвори во болка и тага?” – Патријарси и пророци, 705.

„Чувствувајќи дека срцето кон Бога не му било наполно исправно, кога ја видел смртта на Уза Давид се уплашил од ковчегот; се загрижил и него да не го снајде казна поради неговиот грев. Но Овид-Едом, Иако се радувал тресејќи се, топло го поздравил светиот симбол, залогот на Божјата милост кон послушните. Сега вниманието на цел Израел било насочено кон Гетеецот и неговото семејство; сите очекувале да видат како ќе помине тој. (2 Самоилова 6:11)

Божествената опомена дејствувала врз срцето на Давида. Како никогаш порано, тој ја сфатил светоста на Божјиот закон и потребата од строга послушност...

(Давид) сега внимавал во секоја подробност да се почитуваат Господовите упатства “. – *Патријарси и пророци, 706.*

## 2. ВТОР ОБИД

**а. Што треба да научиме од тоа како Давид покажал поголема послушност, грижа и почит при транспортот на ковчегот? 2. Самоилова 6:12,13; Исаија 52:11.**

„(Давид) по три месеци решил да го повтори обидот во врска со пренесувањето на ковчегот на заветот и сега внимавал во секоја подробност да се почитуваат Господовите упатства. Повторно се повикани сите водечки луѓе и огромно мноштво се собрало пред домот на Гетеецот. Луѓето што ги одредил Бог со страхопочит го кренале ковчегот на рамо, народот се наредил во редови со растреперено срце и големата поворка тргнала. Кога поминале шест чекори, со звук на труба е наредено да се застане. Давид заповедал да се принесе на жртва ‘вол и овен’". – Патријарси и пророци, 706.

„Мажите и жените можат да бидат добро упатени во библиските знаења, како и добро запознаени со Писмото, како што биле Израелците  со ковчегот на заветот, но и покрај тоа, ако нивните срца не се исправни пред Бога, нивните напори нема да бидат проследени со успех. Бог нема да биде со нив. Тие немаат висока претстава за задолжителноста на небесниот закон, ниту го сфаќаат светиот карактер на вистината што ја проповедаат. Заповедта гласи: ‘Очистете се, вие што носите садови Господови’ (Исаија 52:11)“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, p. 998.*

**б. Опишете го начинот на кој Давид ја водел свечената поворка, и како бил облечен во оваа пригода. 2. Самоилова 6:14.**

„Царот ја слекол својата царска одежда и се наметнал со обичен ленен плеќник каков што носеле свештениците. Тој со тоа не сакал да покаже како презема свештеничка должност: таква наметка повремено носеле и други луѓе. Но сакал во таа света служба пред Бога да биде еднаков со своите приврзаници. Тој ден требало да се обожава Јехова; Тој требало да биде единствен на кого ќе му се оддава чест.

Потоа поворката повторно тргнала, а кон небото се издигнувале звуци од харфи, труби, кимвали и псалтири, слевајќи се со мелодијата на безброј гласови. ‘А Давид играше со сета сила пред Господа’, воден од ритмот на песната и музиката     Потоа поворката повторно тргнала, а кон небото се издигнувале звуци од харфи, труби, кимвали и псалтири, слевајќи се со мелодијата на безброј гласови. ‘А Давид играше со сета сила пред Господа’, воден од ритмот на песната и музиката“. – *Патријарси и пророци, 706,707.*

## 3. СВЕТА РАДОСТ

**а. Што треба да сфатиме за Давидовото „играње“? 2. Самоилова 6:14 (прв дел); 1. Солунјаните 5:5.**

„Со Давидовото играње, кое било израз на радост и страхопочит пред Бога, многу љубители на задоволствата денеска го правдаат современиот, модерен танц, но тој доказ нема основа. Играњето денеска е поврзано со лудости и со ноќни пијанчења. На таквото задоволство му се жртвуваат и здравјето и моралната чистота. За оние што посетуваат сали за балови Бог не е предмет на размислување и страхопочит; молитвите и пеењето во тие кругови би се сметале за неумесни. Задоволствата што можат да ја намалат нашата љубов кон она што е свето и возвишено и радоста што ја чувствуваме служејќи му на Бога такви задоволства христијаните не треба да сакаат. Музиката и играта при радосното фалење на Бога при пренесувањето на ковчегот немаат никаква сличност со денешните разуздани игри. Во таа пригода со музиката и играта е покажуван стремеж да се слави Бог и да се велича неговото свето име. А модерните игри не се ништо друго освен лукавство на сатаната пресметано на тоа луѓето да го заборават Бога и да го обесчестат неговото име“. – *Патријарси и пророци, 707.*

**б. Опишете го хорот, поворката и церемонијата што го придружувала влегувањето на светиот ковчег низ портите на Ерусалим, и доказите за Давидовата великодушна гостопримливост. Псалм 24:7-10; 2. Самоилова 6:17-19.**

„Потоа портата се отворила ширум, поворката влегла внатре, а ковчегот на заветот со страхопочит е ставен во шаторот што бил приготвен за него. Пред светињата биле подигнати олтари. Димот од жртвите паленици и од жртвите благодарници се мешал со мирисот од темјанот и се издигнувал кон небото заедно со израелските песни и молитви. Кога богослужението било завршено, царот побарал благослов за својот народ. А потоа, покажувајќи царска дарежливост, наредил да се поделат подароци во храна и вино за народот да се освежи.

На прославата на најсветиот настан во Давидовото владеење дотогаш, присуствувале претставници од сите племиња. Врз царот почивал дух на божествено вдахновение, и кога последните сончеви зраци при залезот го осветлиле шаторот со својата света светлина, тој со сето срце му се обратил на Бога, благодарејќи му што благословениот знак на неговото присуство сега е толку близу до израелскиот престол“. – *Патријарси и пророци, 708.*

## 4. ГОРДОСТ НАСПРОТИ ПОБОЖНОСТ

**а. Гледајќи го Давид како сета слава му ја дава на Бога, наместо да ја присвои за себе, како цар, која наследна особина ја покажала ќерката на Саул Михала, и како Бог ја укорил нејзината огорченост? 2. Самоилова 6:16, 20-23.**

„Михала во своето достоинство и гордост била шокирана кога видела дека царот Давид ја остава на страна својата царска облека и го остава својот царски жезол и се облекува во едноставна ленена облека што ја носеле свештениците. Мислела дека тој многу се срамоти пред израелскиот народ. Но Бог му укажал чест на Давид пред целиот Израел дозволувајќи неговиот Дух да пребива во него". – *Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 112, 113.*

**б. Со што е споредена светата церемонија на Давид, донесувајќи го ковчегот во срцето на нацијата? Откровение 14:12,13; Даниел 12:2.**

__________________________________________________________

„Давид се понизил, но Бог го возвишил. Тој вдахновено пеел, свирејќи на харфа, произведувајќи волшебна музика. Тој во мал степен ја почувствувал онаа света радост која сите свети ќе ја доживеат кога Божјиот глас ќе го означи крајот на нивното заробеништво и кога Бог ќе склучи завет на мир со сите што ги држат Неговите заповеди". – *Spiritual Gifts 4a, 113*

„(Даниел 12:2). Сите што умреле со вера во третата ангелска вест излегуваат прославени од своите гробови да го слушнат заветот на Божјиот мир заедно со оние што го држат Неговиот закон". – *Големата борба, 637.*

**в. Откако ковчегот бил поставен, Давидовиот престол бил утврден, а царот можел да се одмора од своите непријатели. Која била неговата најголема желба? 2. Самоилова 7:1-3.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

**г. Како Господ одговорил на Давидовата желба, и зошто? 2. Самоилова 7:4,5,12,13; 1. Летописи 22:7-10.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Четврток 25. февруари

## 5. ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОНОТ ПРЕПУШТЕН НА ДРУГ

**а. Како Давид одговорил на Божјата одлука? 2. Самоилова 7:18-22.**

„Давид знаел дека изведувањето на делото што го посакувал во своето срце би му донело чест на неговото име и слава на неговото владеење; но бил подготвен својата волја да ја стави под Божја волја. Таквата помиреност со Божјата одлука, па уште и благодарност, ретко се среќаваат дури и меѓу христијаните. Колку често луѓето со намалена животна сила сакаат да направат некое големо дело што го замислиле во своето срце, Иако за таа работа се неспособни! Божјото провидение можеби им зборува, како што му го објаснил тоа пророкот на Давида дека делото што тие толку топло сакаат да го извршат не им е наменето ним. Ним им припаѓа само подготовката на патот за друг што ќе дојде да го изведе. Но, наместо да го прифатат Божјиот план, мнозина отстапуваат, чувствувајќи се занемарени или отфрлени и, бидејќи не можат да го остварат она што го посакувале, не прават ништо. Мнозина, кои немаат многу сили, товарат на себе одговорности што не можат да ги носат и напразно се трудат да исполнат некоја задача за која не се способни додека она што би можеле да го сторат, останува занемарено“. *– Патријарси и пророци, 712,713.*

**б. Што треба да разбереме кога Бог одбива да ги исполни нашите желби? Исаија 55:8,9.**

„Нашите планови не се секогаш Божји планови. Тој можеби ќе согледа дека е најдобро за нас и за Неговото дело да ги отфрли нашите најдобри намери, како што направил во случајот на Давид...

Во својата грижа, љубов и заинтересираност за нас, Оној, кој нè разбира подобро од нас самите, често одбива да ни дозволи себично да бараме задоволување на сопствените амбиции“. *– Здравје и среќа, 473.*

Петок 26. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како може Бог во својата Реч да се стреми да ме изведе на повисоко место?**
2. **Дали Бог можеби ќе ми даде втора шанса некои работи да ги направам подобро отколку порано?**
3. **Која главна карактеристика ја забележуваме во врска со пренесувањето на ковчегот?**
4. **Како донесувањето на ковчегот е слично на специјалното воскресение во книгата на пророкот Даниел?**
5. **Како можам да го занемарам Божјиот повик додека во својата работа се надевам на нешто друго?**

Сабота, 6. март 2021.

## Дар во првата сабота за помош на унесреќените ширум светот



Во последните денови „ќе има и големи потреси, и глад и помор... а на земјата тага кај народите од неизвесноста и од бучењето на морето, и од брановите“ (Лука 21:11,25

Дали треба воопшто да ги спомeнеме ураганите, циклоните, цунамите, торнадата, земјотресите, гладта и поморите во оваа деценија? Катастрофите однесуваат многу животи. Десетици илјади смртни случаи обично се случуваат пред угледните новинските агенции да направат извештај за недостиг на храна, преку 3000 умираат од студ, 2000 од суша, итн. Сепак, срцето на нашиот Татко чиешто срце го проткајува бескрајна љубов го чувствува сето тоа.

„Сосема е природно луѓето да мислат дека големите несреќи се сигурен показател на големи злочини и огромни гревови; но со таквото мерење на карактерот луѓето често прават грешки. Ние не живееме во време кога за гревот веднаш се возвраќало со казна. Злото и доброто се мешаат и несреќите доаѓаат на сите. Понекогаш луѓето ја поминуваат граничната линија на Божјата заштита и тогаш сатаната ја покажува својата моќ над нив, а Бог не интервенира. Јов бил тешко погоден, а неговите пријатели настојувале упорно да признае дека неговото страдање е последица на неговиот грев, и го навеле да се чувствува под осуда. Според она што му се случило тие го прикажале неговиот случај како голем грешник; но Господ ги укорил заради нивниот суд на Неговиот верен слуга“. - *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1140.*

Тогаш што да кажеме за душите кои страдаат од сите овие несреќи? Навистина, невините честопати страдаат заедно со виновните. Куќите се разрушени, културите уништени, животите погодени. Која е нашата должност?

„Да се остави ближниот да страда и да не му се помогне значи да се крши Божјиот закон... Ние треба да се грижиме за секој што страда и себеси да се сметаме за Божји орудија за укажување на помош на потребните, вложувајќи ги сите свои сили до крајни граници на своите можности... Ние треба да им чиниме добро на сите луѓе, а особено на оние кои се со нас во верата.- *Sons and Daughters of God, p. 50.*

„(Бог) сигурно ќе им суди на оние што ја занемаруваат Неговата откупена своина, кои ги оставаат страдалниците да пропаднат иако можат да им помогнат“.- *The Review and Herald, December 10, 1895.*

Ве молиме, дајте сѐ од себе кога ќе се собира дар во првата сабота за несреќните ширум светот, имајќи на ум дека, додека им служиме на Божјите деца кои страдаат, ние всушност му служиме Нему.

***Одделот за социјална помош на ГК***

# Тајната на успехот

**„Навистина, близу е Неговото спасение за оние што се бојат од Него, и Неговата слава ќе живее во нашата земја” (Псалм 85:9)**

„Почитта кон Божјиот закон му дала сила на Израел за време на владеењето на Давид”. – *Пророци и цареви, 466.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 713-716.*

Недела 28. февруари

## 1. ОДРЖАНО ВЕТУВАЊЕ

**а. Наведи пример кој ја открива верноста и праведноста на Давид. 2. Самоилова 8:15; 9:1-6.**

______________________________________________________________________

„На Давид... тогаш му го спомнале синот на Јонатана, Мефивостеја, кој уште од своето детство бил куц. Кога Филистејците го победиле Саула во Езраелската долина, неговата доилка кога бегала го испуштила детето, па тоа останало сакато за цел живот. Давид тој млад човек го повикал на дворот и го примил великодушно”. – *Патријарси и пророци, 713.*

**б. Која мисионерска лекција можеме да ја научиме од начинот на кој Давид успеал да го допре срцето на овој скептичен внук на Саул? 2. Самоилова 9:7-13.**

______________________________________________________________________

„Давидовите непријатели со своите дошепнувања кај Мефивостеја создале силни предрасуди против Давида како грабач на израелскиот престол, но широкоградоста и пријателскиот прием на царот, како и постојаната добрина кон него, го задобиле срцето на младичот”. – *Патријарси и пророци, 713.*

„Со нежна љубов, со полно сожалување, пристапете им на обесхрабрените и беспомошните души. Вдахнете ги со својата храброст, со својата надеж, со својата сила. Со својата љубезност натерајте ги да дојдат”. – *Христовите очигледни поуки, 235,236.*

## 2. СЕРИОЗНО НЕДОРАЗБИРАЊЕ

**а. Како Анон, амонскиот цар, тотално погрешно го протолкувал гестот на Давид на искрена вистинска љубезност? 2. Самоилова 10:1-4.**

________________________________________________________________

„(Амонците) не можеле да ги сфатат благородните чувства со кои дишела Давидовата порака. Кога сатаната ќе завладее со човечкиот дух, тогаш тој предизвикува омраза и сомневање кое погрешно ќе ги протолкува и најдобрите намери. Слушајќи ги своите советници, Анун во Давидовите пратеници видел шпиони и ги опсипал со пцости и навреди.

На Амонците им било дозволено непречено да ги изведат лошите намери на своето срце со цел на Давида да му се открие нивниот вистински карактер. Не била Божја волја израелскиот народ да стапи во сојуз со тој незнабожечки народ“. – *Патријарси и пророци, 714.*

**б. Што направил веднаш Анон кога ги сфатил потенцијалните последици од навредата што му ја нанел на Израел? 1. Летописи 19:6,7.**

________________________________________________________________

„Амонците знаеле дека Израелците ќе се одмаздат за навредата што им била нанесена, па се приготвиле за војна. (1 Летописи 19:6,7)

Всушност, тоа бил силен сојуз. Сите жители меѓу Еуфрат и Средоземното Море стапиле во сојуз со Амонците. На север и на исток од Ханан се наоѓале вооружени непријатели кои се здружиле да го уништат израелското царство.“ – *Патријарси и пророци, 715.*

**в. Што изјавил Јоав за да го охрабри својот народ? 1. Летописи 19:8,13. Како Давид исто така ги инспирирал и ги воодушевил? 2. Самоилова 10:17-19.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Увидувајќи што сè зависи од исходот на таа борба Давид лично излегол на боиштето и со Божји благослов толку страшно ги поразил сојузниците, што Сиријците од Ливан до Еуфрат, не само што отстапиле од војната, туку морале на Израелците да им плаќаат и данок. Против Амонците Давид решил да војува сè додека нивните тврдини не паднале, и целата таа област потпаднала под власт на Израел“. – *Патријарси и пророци, 715.*

## 3. ИЗБАВУВАЊЕ И БЛАГОДАРНОСТ

**а. Иако оружјето на нашето војување денес не е телесно, како можеме да добиеме сила имајќи го на ум исходот од Давидовата битка против Амонците? 1. Самоилова 2:30 (втор дел); 1. Јованово 5:4,5.**

___

„Опасностите што се заканувале целосно да го уништат Израел, по Божјо провидение станале само средства што го издигнале избраниот народ до големина кава што до тогаш ја немал.“ – *Патријарси и пророци, 715.*

„Така израелското царство ја постигнало големината што му била ветена на Аврама и подоцна повторена на Мојсеја. ‘На твоето семе му ја дадов оваа земја од египетската вода до големата вода, водата Еуфрат’ (Создавање 15:18; Второзаконие 11:22-25). Израелците станале силна нација што ја почитувале и од која се плашеле сите околни народи. Давидовата моќ во неговото царство била мошне голема. Тој, како ретко кој владетел, целосно ја добил довербата на својот народ. Го почитувал Бога и Бог го прославил.“ – *Патријарси и пророци, 716.*

**б. Што увидел Давид во своите избавувања? Псалм 18:20-22, 35, 46-50; 44:4-8.**

___

___

**в. Какви возвишени можности му биле понудени на Израел во текот на овој период и зошто? Псалм 85:6-9; Изреки 14:34.**

___

„За време на владеењето на Давид и Соломон, Израел станал силен меѓу народите и можел во многу прилики да изврши силно влијание во корист на вистината и правичноста. Името Господово се почитувало и се славело така што се чинело дека постојат добри изгледи за остварување на оние цели заради кои Израелците се населиле во ветената земја. Биле срушени пречките така што луѓето кои доаѓале од незнабожечките земји да ја бараат вистината, не се враќале незадоволни. Мнозина се обратиле и црквата Божја на земјата се ширела и напредувала...

Давид знаел дека високата цел која Бог му ја поставил на Израел ќе може да се оствари само ако владетелите и народот со непрестајна будност се трудат да го постигнат стандардот кој им е поставен.“ – *Пророци и цареви, 25,26.*

## 4. ОПАСНОСТА ДЕМНЕ...

**а. Како навидум незначителен грев се вовлекол во Давидовиот живот, трасирајќи го патот за потешки искушенија? 1. Јованово 2:15,16; Изреки 5:18,19.**

___

„(Давид) го мразел идолопоклонството и ревносно го чувал израелскиот народ да не биде заведен во идолопоклонство од околните народи. Тој бил сакан и почитуван од народот.

Тој честопати одел во освојувања и победувал. Станувал сѐ побогат и повеќе почитуван. Но, неговиот напредок имал такво влијание што го одвоил од Бога. Поминувал низ бројни и тешки искушенија. Конечно го прифатил обичајот на соседните цареви, да имаат мноштво жени, а животот му го загорчиле лошите последици на полигамијата. Неговата прва грешка била во тоа што зел повеќе од една жена, со што се оддалечил од Божјиот мудар план. Ова отстапување од она што е правилно го подготвило патот за поголеми грешки. Царските идолопоклонички нации го сметале многуженството за додатна чест и достоинство, па така и Давид сметал дека ако земе повеќе од една жена уште повеќе ќе го возвиши својот престол. Но тој ги увидел несреќните и лоши последици од таа постапка во неслогата, ривалството и љубомората меѓу неговите бројни жени и деца“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 86.*

**б. Кој невидлив непријател го демнел Давида, како што го демне секој од нас? Ефесјаните 6:12. Која е нашата единствена одбрана? Ефесјаните 6:13; 1. Петрово 5:8,9; 4:7.**

___

„Но среде благосостојбата демнела опасност. Во времето на својот најголем триумф Давид се нашол во најголема опасност”. – *Патријарси и пророци, 716.*

„Во секоја душа две сили сериозно се борат за победа. Неверството ги собира своите сили, предводени од сатаната, да нѐ одвои од Изворот на нашата сила. Верата ги собира своите сили, предводени од Христос, Авторот и Завршителот на нашата вера. Од час во час, пред очите на небесниот универзум се води овој судир. Ова е борба гради во гради, и големото прашање гласи: ‘Кој ќе надвладее?’ На ова прашање секој од нас сам мора да даде одговор. Во оваа борба сите мора да учествуваат, борејќи се на едната или на другата страна. Никој не може да нѐ ослободи од оваа борба... Ние сме повикани да се подготвиме за оваа борба”. – *Sons and Daughters of God, p. 328.*

Четврток 4. март

## 5. ДЕЛО НА СЕКОЈ ПОЕДИНЕЦ

**а. Како единствено можеме да извојуваме победа во битката против непријателот? Јаков 4:7,8.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Должност на секоја душа е да се спротивстави на непријателот во моќта и силата на Господ Исус Христос, а ветувањето е дека тогаш ѓаволот ќе побегне од нас. Но, сите нека сфатат дека се наоѓаат во опасност и дека нема сигурен излез, освен да ги прифатат условите кои Библијата ги поставува. Господ вели: 'Приближете се кон Бога' (Јаков 4:8). Како? - Со тајно, сериозно испитување на сопственото срце; со детско, срдечно, понизно потпирање на Бога, со објавување на своите слабости на Исуса; и со исповедање на своите гревови. Така, можете да му се приближите на Бога, и Тој ќе се приближи кон вас" – *Sons and Daughters of God, p. 328.*

**б. Каква треба да биде нашата постојана молитва и зошто? Псалм 119:12-14; 139:23,24.**

„Бог ги води припадниците на Својот народ, чекор по чекор. Тој ги доведува во различни положби и околности за да се покаже што им е во срцето. Таквата проверка некои успешно ја издржуваат во еден поглед, но паѓаат на друго место. При следната проверка срцето се изложува на посериозен испит". – *1 Сведоштво, 187.*

„Не е доволно човекот сам да мисли дека е сигурен само ако ги следи налозите на својата совест... Прашањето кое треба да се постави е: дали таа совест е во склад со Божјата Реч? Ако не е, не може со сигурност да се следи, бидејќи ќе измами. Совеста мора да биде просветлена од Бога. Мора да се одвои време за проучување на Светото писмо и да се има време за молитва. Така умот ќе се утврди, ќе зајакне и ќе биде постојан". – *Ум, карактер и личност 1, 324.*

Петок 5. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да се потрудам некому да му направам милост како што Давид му направил на Мефивостеј?**
2. **Каков впечаток оставил Давид на својата војска и зошто?**
3. **Зошто Израел за време на владеењето на Давид станал толку угледен и почитуван?**
4. **Наведи некои суптилни замки во кои можеме да се заплеткаме, како што тоа му се случило на Давид?**
5. **Што треба да сфатам за сопствената совест?**

# Возвишениот понижен

**„Патот на беззакониците, води во пропаст” (Изреки 13:15, последен дел).**

„Сите што укажуваат на Давидовиот пример за да ја намалат вината на сопствените гревови би требало од овој библиски запис да научат колку е мачен патот по кој поминува престапникот“. – *Патријарси и пророци, 723.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 717-726.*

Недела 7. март

## 1. УДОБНО НА ШИРОКИОТ ПАТ

**а. Објаснете како Давид чекор по чекор залутал од вистинскиот пат. 2. Самоилова 11:1-4. Како и ние сме предупредени против истиот овој грев? Евреите 13:4.**

„Токму духот на самоувереност и самоизвишување го подготвил патот за Давидовиот пад. Ласкањето и опасните привлечности што ги пружа раскошниот живот не останале без влијание врз него. Лошо дејствувало и општењето со соседните народи. Според обичаите што постоеле меѓу владетелите на Исток, злосторствата и престапите казнувани кај обичните државјани не се осудувани ако би ги сторил царот; владетелот не бил должен да негува самосовладување како неговите граѓани. Сето тоа придонело Давид да го загуби чувството за огромната тежина на гревот. И наместо целосно да се потпре врз силата на Јехова, почнал да се потпира врз својата мудрост и моќ...

Давид бил опкружен со плодовите на победите и почестите што му припаѓаат на еден мудар и способен владетел. И во својата благосостојба, кога попуштил во будноста над самиот себе, искушувачот ја искористил приликата да ги обземе неговите мисли. Тоа што Бог бил со него во толку тесна врска и што му укажал толку голема милост, за Давида требало да биде најсилен поттик својот карактер да го сочува неизвалкан. Но, кога во својата удобност и самоувереност престанал да се потпира врз Бога Давид му се предал на сатаната и ја извалкал својата душа со грев. Тој, кого небото го определило да биде народен водач, кого Бог го одбрал да го спроведува неговиот закон, сам ги погазил неговите прописи“. – *Патријарси и пророци, 717,718.*

## 2. ПАД

**а. Како Исус објаснува што го чини човекот ранлив на гревот? Јован 15:5 (последен дел); Римјаните 8:5,6.**

____________________________________________________________________

„Сè што ги изделува мислите од Бога и води кон самоувереност и извишување, сигурно го подготвува патот за нашиот пораз...

Штом сатаната ќе успее да ја оддели душата од Бога, единствениот извор на сила, веднаш ќе се обиде да предизвика понижувачки желби на човековата сетилна природа. Непријателот не дејствува одненадеж; тој не почнува нагло и воочливо, туку потајно ја поткопува тврдината на основните начела. Тој почнува со навидум малечки работи како што се: занемарувањето на верноста кон Бога и, наместо доверба во него, склоност да се следат световните навики и обичаи“ – *Патријарси и пророци, 717,718.*

**б. Што ја усложнило ситуацијата на Давид? 2. Самоилова 11:5. Објаснете зошто Бог не можел да го благослови обидот на Давид да го прикрие својот грев? 2. Самоилова 11:10-13.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Сè што презел Давид за да го скрие својот грев, се покажало неуспешно. Стапил под власт на сатаната; го демнела опасност и го очекувал срам погорчлив од смртта.“ – *Патријарси и пророци, 719.*

**в. Како се чувствувал Давид кога бил наведен на гревот да му додаде грев – и како Бог гледал на ова? 2. Самоилова 11:14-17, 26,27; Псалм 32:3,4.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Му се чинело дека постои само еден излез, и тој во својот очај побрзал кон браколомството да придодаде и убиство. Оној што придонел за Сауловата пропаст, настојувал да го уништи и Давида. Иако искушенијата биле различни, тие еднакво воделе кон престап на Божјиот закон“ – *Патријарси и пророци, 719.*

„(Давид) го правдал својот грешен пат сè додека тој му изгледал прифатлив во неговите очи. Еден погрешен чекор го подготвувал патот за друг...

Кога Давид се оддалечил од Бога и својот доблесен карактер го извалкал со своите злосторства, тој веќе не бил човек според Божјото срце”. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 86, 87*.

## 3. ОСТАР УКОР

**а. Каква порака испратил Бог преку пророкот Натан? 2. Самоилова 12:1-9.**

_______________________________________________________________

„Бог во својата милост не дозволил Давид со измамната награда за гревот да биде целосно одвлечен во пропаст.

Бог морал да се вмеша, зашто тоа го барале интересите на целата израелска нација. По извесно време се дознало за Давидовиот грев со Витсавеја, и тоа создало сомневање дека тој ја предизвикал смртта на Урија. Господ бил обесчестен. Бог Давида го помагал и го ценел, а тој сега со својот грев погрешно го прикажал Божјиот карактер и му нанел срам на неговото име. Овој престап го снижил мерилото на побожноста во Израел и во срцата на мнозина ја намалил одвратноста кон гревот додека грешниците со тоа биле уште повеќе охрабрени да грешат“. – *Патријарси и пророци, 720*.

**б. Раскажете го одговорот на Давид и милоста која Бог веднаш му ја укажал. 2. Самоилова 12:13. Сепак, кои биле некои од горчливите последици од Давидовиот грев? 2. Самоилова 12:10-12, 14.**

_______________________________________________________________

„Давид се разбудил како од сон. Длабоко го чувствувал својот грев. Не се обидувал да ја оправда својата постапка или на некој начин да го разубави и ублажи гревот како што тоа го правел Саул, туку со каење и искрена тага ја наведнал главата пред Божјиот пророк и ја признал својата вина. Натан му рекол на Давида дека заради неговото каење и понизно признавање Бог ќе му го прости гревот, ќе избегне дел од казните и ќе му го поштеди животот. Сепак, морал да биде казнет, бидејќи им дал повод на Божјите непријатели да хулат на Неговото име. Оваа можност Божјите непријатели ја користат од времето на Давид па сè до ден денес. Скептиците остро го критикуваат христијанството и ја исмејуваат Библијата, затоа што Давид им дал повод...

Бог го покажал своето незадоволство поради Давидовото многуженство со тоа што го казнил и дозволил злото да се подигне на него од неговиот дом. Фактот дека Господ дозволил страшна несреќа да го погоди Давида, кој поради својата честитост некогаш бил наречен човек според Божјото срце, претставува доказ за идните генерации дека Бог нема да оправда никој кој ги крши Неговите заповеди, туку сигурно ќе ги казни виновните, колку и да биле праведни и на Бога мили некогаш, додека во чистотата на срцето го следеле Господа. Кога праведниците ќе се свртат од својата праведност и ќе почнат да чинат зло, нивната некогашна праведност нема да ги спаси од гневот на праведниот и свет Бог“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 86, 87.*

## 4. ПОТРЕБНО Е ВИСТИНСКО ПОКАЈАНИЕ

**а. Опишете ја длабочината на искрено покајание на Давид. Псалм 51:1-4, 7, 10-14. Преку светата песна, каков отворен апел тој упатува кон сите нас?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Давид се покајал за својот грев во прав и пепел. Тој се молел за прошка од Бога и не го криел своето покајание од големците, па дури и од слугите во неговото царство. Тој составил покајнички псалм, раскажувајќи го неговиот грев и покајанието, знаејќи дека тој псалм ќе го пеат и идните генерации. Сакал и другите да бидат поучени од тажната историја на неговиот живот.

Песните што ги компонирал Давид ги пеел целиот Израел... Тој знаел дека признавањето на неговата вина ќе доведе до тоа неговиот грев да го забележат и идните генерации. Тој тука го изнесува својот случај, укажувајќи на Оној во кого имал доверба и надеж за помилување *“. – Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 88.*

**б. Што треба сите ние да разбереме за гревот? Езекиел 33:12,13,18; 1. Јованово 3:4.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Гревот е грев, без оглед дали е сторен од оној што седи на престолот, или од човек кој е од поскромните сфери на животот. Доаѓа денот кога сите што сториле грев ќе го признаат, иако тогаш ќе биде предоцна да добијат помилување. Бог долго чека грешникот да се покае и во тоа Тој покажува чудесно трпение. Но најпосле престапниците на Неговиот закон ќе ги повика на одговорност...

Искреното Божјо дете не го намалува ниту едно Негово барања...

Опасно е да ги затвориме очите да ја стврднеме својата совест, за да не ги увидиме или осознаеме нашите гревови. Треба да ги цениме упатствата кои ни се дадени во Божјото Слово во поглед на одвратниот карактер на гревот, за да можеме да се покаеме“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, pp. 88.*

Четврток 11. март

## 5. ХРАНА ЗА МИСЛИТЕ

**а. Како знаеме дека Бог го прифаќа покајанието? Псалм 51:16,17; 32:1,2, 5-7.**

„Давид во својот очај не отстапил од борбата. Божјото ветување наменето за грешниците што се каат му служело како доказ дека и нему ќе му биде простено.“ – *Патријарси и пророци, 725.*

**б. Како и ние можеме да бидеме охрабрени од покајанието на Давид? Исаија 55:7; 1. Јованово 1:9.**

„Мнозина тоа го нарекуваат Божја неправда и се бунат што Давид, чијашто кривица е толку голема, бил поштеден додека Саул бил отфрлен поради нешто што во нивните очи било многу помалечок грев. Но Давид се понизил и го признал својот грев додека Саул ги презирал опомените и срцето му се стврднало, одбивајќи да се покае.

Овој дел од Давидовиот живот има големо значење за секоја душа што се кае. Тој е највпечатлив приказ на борбите и искушенијата на човечкиот род, на вистинското каење пред Бога и на верата во нашиот Господ Исус Христос. Тој настан во сите подоцнежни векови ги храбреле душите што паднале во грев и што се бореле под товарот на својата кривица. Илјадници Божји деца, кои биле наведени на грев, пред да паднат во очај, си спомнувале како Бог го прифатил Давидовото искрено каење и неговата исповед, Иако тој поради својот престап морал да страда; тоа им давало храброст да се покаат и одново да настојуваат да го следат патот на послушност на Божјите заповеди.

Секој што ќе ја послуша опомената и со понизна душа ќе го признае својот грев и ќе се покае, како Давид, може да биде сигурен дека за него постои надеж. Секој кој со вера ќе ги прифати Божјите ветувања, ќе добие проштавање“ – *Патријарси и пророци, 726.*

Петок 12. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Каква околина може да направи да имам поголема веројатност да паднам во грев?**
2. **Кога Давид бил човек според Божјото срце, а кога не бил?**
3. **Што можам да научам од Давид ако некој ми се спротивстави како што нему му се спротивставил Натан?**
4. **Зошто длабокото, искрено покајание е толку важно за секој еден од нас?**
5. **Како може трагичната историја на падот на Давид да ни донесе надеж?**

# Жални последици

**„Не радувај се на мојата мака, непријателко моја! Иако сум паднат, јас ќе станам; макар што сум сега во мрак - Господ е мојата светлина” (Михеј 7:8).**

„(Бог) Давида го ставил под прачка, но не го уништил; го пуштил во печка за претопување, но не да изгори, туку да се очисти”. – Патријарси и пророци, 738“. – *Christ Triumphant, p. 248.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 727-738.*

Недела 14. март

## 1. ГОРКИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ГРЕВОТ

**а. Објаснете ги промените што се случиле после гревот на Давид. Изреки 6:32,33.**

„Иако Давид се каел за својот грев, Иако Господ му простил и повторно го примил, сепак морал да ги пожнее горчливите плодови на семето што сам го посеал. Казните што го снашле него и неговиот дом сведочат за тоа колку на Господа му е одвратен гревот...

Давидовиот престап го изменил Божјиот однос кон него. Господ во никој случај не можел да го одобри неговото беззаконие. Тој не можел да ја употреби својата моќ да го заштити Давида од последиците на неговиот грев како порано што го пазел од Сауловото непријателство.

И кај самиот Давид настанала голема промена. Бил скршен во духот, свесен за својот грев и за неговите далекусежни последици. Се чувствувал понижен пред сите свои привврзаници. Неговото влијание било ослабено. До тогаш неговиот напредок и се припишувал на совесната послушност кон Божјите заповеди. Но сега неговите привврзаници, на кои им бил познат неговиот грев, и сами можеле послободно да се однесуваат кон гревот. Неговиот авторитет ослабел и во неговото сопствено семејство; синовите сè помалку го слушале и го почитувале. Кога требало да ги осуди оние што згрешиле, чувството на сопствената кривица не му давало да зборува. Тоа чувство ја слабеело неговата рака при спроведувањето на правдата во својот сопствен дом. Неговиот лош пример имал влијание и врз неговите синови, а Бог не сакал ништо да преземе за да ги спречи последиците. Дозволил работите да одат по свој природен ток, и со тоа Давид бил строго казнет“. – *Патријарси и пророци, 723.*

## 2. ЗЛОБА ВО СИНОВИТЕ

**а. Што е напишано за Амнон, првородениот син на Давид? 2. Самоилова 13:1,2, 10-16. Зошто Давид пропуштил да изговори осуда во врска со насилничкото дело на Амнон? 2. Самоилова 13:21; Римјаните 2:1.**

____________________________________________________________________

„Срамното злосторство на својот најстар син Амнон Давид го пропуштил да помине неосудено и неказнето. Според законот, прељубата се казнувала со смрт, а неприродното злосторство на Амнона било двојно потешко. Но Давид не го казнил престапникот, зашто во неговата постапка ја видел казната за својот грев“. – *Патријарси и пророци, 727.*

**б. Што треба да сфатиме за начинот на кој Амнон требало да биде изведен пред лицето на правдата? 2. Самоилова 13:28,29,32; Изреки 29:15?**

____________________________________________________________________

„Како и другите Давидови синови, Амнон бил препуштен на себични уживања. Без оглед на Божјите барања, тој задоволувал секоја желба на срце. И покрај неговиот голем грев, Бог уште долго имал трпение со него. Полни две години имал можност да се покае. Но тој продолжил да греши и умрел непокајан, чекајќи ја одлуката на страшниот суд...

Кога владетелите или родителите ќе ја занемарат својата должност и не ја казнуваат неправдата, тогаш таа должносг ја презема Господ во свои раце. Тој дозволува злото да се развие до извесен степен сè додека не се создаде синџир на околности во кои гревот се казнува со нов грев”. – *Патријарси и пророци, 727,728.*

**б. Како Давид се справил со злосторството на Авесалом? 2. Самоилова 13:38,39; 14:21-24, 28.**

____________________________________________________________________

„Давид, увидувајќи дека злосторството на неговиот син мора на некој начин да се казни, решил да не му дозволи да се врати во земјата...

Колку нежно да го сакал тој убав и талентиран син, (Давид) сепак мислел дека е потребно заради поука и на Авесалома и на народот на тој начин да ја покаже својата одвратност кон стореното злосторство. Авесалом две години живеел во својата куќа, но на дворот не смеел да се појавува”. – *Патријарси и пророци, 728,729.*

## 3. ХАРИЗМА, ШАРМ... И ПРЕДАВСТВО

**а. Кои фактори го направиле Авесалом привлечен за народот и како тој тоа лукаво ги искористил во своја корист, додека несудениот цар, ништо не претчувствувајќи, чекор по чекор полека го прифатил назад? 2. Самоилова 14:25,26; 15:1-6.**

„Со него живеела и неговата сестра чиешто присуство живо го потсетувала на страшната навреда и на ненадоместливата неправда што и е нанесена. Меѓутоа, во очите на јавното мнение царевиот син повеќе важел како херој отколку како злосторник... Не било мудро од страна на царот човекот каков што бил Авесалом славољубив, брз и страстен да го пушти две години да страда поради тоа што навидум бил казнет. Авесалом ги стекнал симпатиите на народот веќе со самото тоа што Давид го повикал да се врати во Ерусалим а не го пуштал кај себе.

Имајќи го постојано пред очи својот престап на Божјиот закон Давид изгледал како морален инвалид. Бил слаб и нерешителен пред тешкотиите пред кои пред својот грев бил храбар и енергичен. Неговото влијание врз народот исто така ослабело...

Благодарение на посредувањето на Јоава, на Авесалома пак му било дозволено да се сретне со татка си; но, Иако помирувањето е извршено на формален начин, сепак синот и натаму негувал славољубиви намери. Се однесувал речиси како цар и имал коли и коњи и педесет луѓе со кои бил опкружен. И додека царот се повеќе бил наклонет да се повлече во самотија, Авесалом заводнички се борел да ја добие наклоноста на народот.

Давидовата рамнодушност и нерешителност вршеле свое влијание и врз неговите приврзаници. Небрежносаа и одлагањето станале карактеристични во сите негови административни работи како и во делењето на правдата. А Авесалом секое незадоволство на народот лукаво го користел во своја полза. Од ден на ден тој човек можел да се види пред градските порти каде што секогаш имало луѓе кои чекале на ред да бидат примени кај царот да поднесат свои молби и жалби и да добијат сатисфакција... (2 Самоилова 15:3,5 цитат)

Под влијание на лукавото дошепнување на царевиот син, незадоволството кон постојната власт бргу се ширело. На сите усни биле пофалби за Авесалома. Сите го сметале за царев наследник. Народот се гордеел со човекот кој е достоен за толку високата положба и горел од желба тој да го заземе престолот. (2 Самоилова 15:6 цитат) А царот, заслепен со љубовта кон сина си, сепак во ништо не се сомневал. Кнежевското однесување со кое Авесалом се растурал Давид го сметал како намера да му се оддаде почест на неговиот двор како израз на радоста по повод на помирувањето“. – *Патријарси и пророци, 729,730.*

## 4. ПРЕРАСНУВАЊЕ ВО КРИЗА

**а. Објаснете го лицемерниот заговор на Авесалом. 2. Самоилова 15:7-12; Псалм 55:21.**

___

„Со оваа постапка на крајна дволичност, Авесалом имал намера не само да го заслепи царот, туку и да ја зацврсти веќе задобиената доверба кај народот и со тоа да го наведе на бунт против од Бога одбраниот владетел“. – *Патријарси и пророци, 730.*

**б. Раскажете ги зачудувачките вести што му ги донеле на Давид и стратешките чекори што ги презел. 2. Самоилова 15:13-17. Која била неговата благородна цел во оваа акција.**

„Во таа голема опасност Давид најпосле ја отфрлил потиштеноста која толку долго го мачела и со истиот дух, што го покажувал во своите поранешни години, почнал да се приготвува за средба со оваа страшна неизвесност. Само неколку километри пред Ерусалим, Авесалом ја приготвувал својата војска. Побунетите мошне бргу можеле да се најдат пред капиите на Ерусалим.

Давид од својата палата ја гледал престолнината: ‘Убава е во својата височина, радост е за сета земја... градот на великиот Цар’. (Псалм 48:2). Затреперил при помислата дека тој град ќе го изложи на крвопролевање и пустење. Дали треба да ги повика на помош приврзаниците што уште му останале верни на неговиот престол и да го брани градот? Зар да дозволи Ерусалим да биде облеан со крв? Тој решил. Избраниот град не смеат да го снајдат воени стравотии. Решил да го напушти градот, а верноста на своите приврзаници да ја провери на тој начин што ќе им даде можност да му дојдат на помош. Во тој критичен миг должноста кон Бога и народот му налагала да го брани авторитетот што му го дало небото. Исходот на борбата решил да му го препушти на Бога“. – *Патријарси и пророци, 731.*

**в. Како бил утешен Давид, во овој трагичен час, особено од верата на луѓето како што е Гетчанецот Итај? 2. Самоилова 15:18-23; Михеј 7:8.**

„Но Давид со својата карактеристична несебичност не можел да се согласи тие странци кои од него побарале заштита да бидат вовлечени во неговата несреќа... Тие луѓе биле обратени незнабошци и му служеле на Јехова, а сега благородно му ја покажале својата преданост нему и на неговиот помазаник. Давид со благодарност ја прифатил нивната преданост во мигот кога неговата опстановка се чинела загубена“. – *Патријарси и пророци, 731,732.*

Четврток 18. март

## 5. БЛАГОРОДНИШТВО ВО СТРАДАЊЕТО

**а. Иако Давид нестрпливо копнеел светиот Божји ковчег да остане кај него, каква несебична одлука донел? 2. Самоилова 15:24-29.**

__________________________________________________________________

„Како помазан владетел над Божјото наследство, тој бил под свечена одговорност... без Божјо одобрение ниту првосвештеникот ниту царот немаат право да го оддалечат оттаму симболот на неговото присуство. Давид знаел дека неговото срце и неговиот живот мора да бидат сообразени со Божјите прописи, инаку ковчегот на заветот побргу ќе му донесе несреќа отколку успех. Постојано на ум го имал својот голем грев и во заговорот скован против него ја видел Божјата праведна пресуда“. – *Патријарси и пророци, 732.*

**б. Како може секој грешник да се утеши со надежта која Давид ја изразил во овој мрачен час? 2. Самоилова 15:30; 16:5-12; Псалм 3:1-3.**

__________________________________________________________________

„Давид не изразувал никакво незадоволство. Најелоквентниот псалм, што некогаш го отпеал (Псалм 3), го составил кога се искачувал на Маслинската Гора“. – *Conflict and Cour¬age, p. 181.*

„Кога Давид во една прилика се искачувал на Маслиновата гора... Господ го посматрал со сожалување. Давид, кој бил облечен во кострет (вреќа), го печела совеста. Надворешните знаци на понизност сведочеле за неговото длабоко покајание. Со скршено срце и целиот во солзи го изнел пред Бога својот случај и Господ не го отфрлил својот слуга. Никогаш Давид не му бил толку драг на срцето на бескрајната љубов како во тој момент кога обземен со грижата на совеста, бегал да го спаси својот живот од непријателите, кои биле поттикнати на бунт од страна на неговиот роден син“. – *Мисли од горатa, 11.*

Петок 19. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто инаку силниот Давид се чинел како да е во парализирачка успиеност?**
2. **Како можеме да избегнеме да ги повториме грешките во Давидовиот семеен живот?**
3. **Кои фактори можат да го поттикнат Авесалом во црквата?**
4. **Наведете некои докази за благородништвото на Давид во овој период?**
5. **Зошто Давид можел да му верува на Бога дури и во овие болни мигови?**

# Наследство на милост и правда

**„Ни во староста, кога ќе обелам во косата, Боже, не ме оставај; за да раскажувам за Твојата мишка на идното поколение и на сите идни поколенија, за Твојата сила” (Псалм 71:18).**

„Величествени ветувања му се дадени на Давида и на неговиот дом ветувања што го упатуваат погледот кон бесконечните времиња на вечната иднина, и свое целосно исполнување наоѓаат во Христа.“ – *Патријарси и пророци, 754.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 738-755.*

Недела 21. март

## 1. БУНТОТ ЗАДУШЕН

**а. Додека Давид се подготвувал за битка, која била неговата голема грижа? 2. Самоилова 18:1-5. Сепак, како Авесалом загинал? 2. Самоилова 18:9,10,14,15.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Посматрајќи ја непријателската војска, прва мисла на царот не била ниту круната, ниту царството, ниту сопствениот живот кој зависел од исходот на битката. Срцето на таткото било полно со љубов и сожалување кон синот кој дигнал бунт”. – *Патријарси и пророци, 743*.

**б. Зошто Јоав ја спречил реакцијата на Давид? 2. Самоилова 32:33; 19:1-8.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Бог им дал причина да се радуваат и триумфираат. Бил задушен најголемиот бунт кој кога било избувнал во Израел, па сепак таа голема победа се претворила во јадосување за оној чиешто злосторство предизвикало крвопролевање на илјадници луѓе...

Иако тој прекор за со болка скршениот татко бил груб дури и суров, Давид сепак не му замерил. Увидувајќи дека неговиот војвода е во право, излегол пред капијата и со зборови на охрабрување и пофалба ги поздравувал своите храбри борци додека поминувале крај него“. – *Патријарси и пророци, 745.*

## 2. БЛАГОСЛОВ И ДРСКОСТ

**а. Наведете неколку подоцнежни примери за Давидовата постојана благородност на духот и Божјата грижа за него. 2. Самоилова 19:18-23; 23:14-17.**

„По смртта на Авесалом, Бог го свртел срцето на Израел, како срцето на еден човек, кон Давид. Симеј, кој го колнел Давида во неговото понижување, поради страв за својот живот, бил меѓу првите од бунтовници кои излегле пред Давида по враќањето во Ерусалим... Оние, што биле сведоци на неговите навредливи зборови и постапки, го наговарале Давида да не му го поштеди животот, затоа што го проколнал помазаникот Господов. Но Давид ги прекорил. Тој не само што му го поштедил животот на Симеј, туку милостиво му простил“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 91.*

**б. Иако целосното обновување на царството на Давид не било ниту веднаш ниту со леснотија повратено, што тој морал да изјави? 2. Самоилова 22:1-3, 7,18,19,51.**

**в. Која грешка подоцна Давид ја направил во животот? 1. Летописи 21:1-7.**

„Царот на ваква постапка го поттикнале горделивоста и славољубието. Пребројувањето на народот требало да ја покаже видната разлика меѓу слабоста на царството во времето кога Давид го презел престолот, и силата и благосостојбата стекнати под негова управа. Тоа уште повеќе би ја поттикнало и онака големата самоувереност и на царот и на народот. ‘Но се крена сатаната против Израел’, кажува светиот запис, ‘и го наврати Давида да го изброи-Израел’. За својата благосостојба Израелците требало повеќе да му заблагодарат на Божјиот благослов отколку на царевата вештина и способност, или пак на силата на неговата војска. Но со зголемувањето на воената сила на царството, околните народи неизбежно морале да стекнат впечаток дека Израелците се потпираат врз својата војска, а не врз силата на Јехова“. – *Патријарси и пророци, 747.*

**г. Што Давид понизно сфатил за пребројувањето? 2. Самоилова 24:10. Што избрал од опциите, што Бог му ги понудил? 2. Самоилова 24:11-14.**

„(Луѓето) го негувале истиот грев што Давида го навел на ваква постапка. И како Господ со своите казни што го казнил Давида преку гревот на Авесалома, така сега преку грешката на Давида ги казнувал Израелците за нивните гревови.“ – *Патријарси и пророци, 748*.

## 3. ПРИФАЌАЊЕ И ОТКАЖУВАЊЕ

**а. Зошто толку многу луѓе морале да страдаат и каков бил резултатот од застапувањето на Давид? 2. Самоилова 24:15-17, 21,25.**

„Следувало брзо уништување. Седумдесет илјади биле уништени од чума. Давид и старешините на Израел паднале во најдлабока понизност, жалејќи пред Господа. Бидејќи ангелот Господов веќе бил на пат да го уништи Ерусалим, Бог му наложил да го запре своето смртно дело. Милостивиот Бог и понатаму го сакал својот народ, без оглед на нивниот бунт. Ангелот облечен во воена облека, со извлечен меч во раката, испружен над Ерусалим, му се открил на Давида и на оние што биле со него. Давид бил страшно уплашен, но сепак во својата неволја и сочувство кон Израел, извикал кон Господа. Го молел Бога да ги поштеди овците. Во длабока болка тој ја признал вистината: ‘Ете, јас згрешив, јас пастирот постапив беззаконо; но овие овци што направиле? Затоа Твојата рака нека се сврти против мене и против татковиот ми дом’. Господ му проговорил на Давид преку својот пророк и му наредил да изврши откуп за својот грев. Давид со сето срце бил во делото и неговото покајание било прифатено“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 92,93.*

**б. Како молитвите на Давид за милост во староста биле исполнети во неговиот последен предизвик? Псалм 71:9,18; 1. Цареви 1:5,6, 15-21, 32-35, 39.**

„(Адонија) станал против Божјиот авторитет според кој Соломон бил одреден за престолот. Што се однесува до природните способности и верскиот карактер, Соломон бил поспособен да владее со Израел отколку неговиот постар брат. Но, Иако Божјиот избор бил јасно навестен, имало луѓе кои застанале на страна на Адонија. Јоав, кој до тогаш, и покрај многу свои вини, сепак му бил верен на престолот, овој пат му се придружил на заговорот против Соломона како и свештеникот Авијатар...

Давид едновремено се откажал од престолот во корист на Соломона кој веднаш бил прогласен за цар. Заговорот бил задушен. Главните заговорници заслужено биле казнети со смрт... Јоав и Адонија привремено биле поштедени, но по Давидовата смрт ја примиле казната за своето злосторство. Извршувањето на пресудата над Адонија ја надополнило четворната казна (2. Самоилова 12:5,6) која сведочела за Божјата одвратност кон гревот на татко му“. – *Патријарси и пророци, 749,750.*

## 4. НАСЛЕДСТВО НА ВЕРАТА

**а. Објаснете ги советите на Давид за Соломон – и неговата длабока грижа пред крајот на животот. 1. Цареви 2:1-4; 1. Летописи 28:9.**

„Давид чувствувал најголема грижа за Соломон... Тој од лично искуство научил дека Господ во никој случај нема да го одобри престапот, без оглед дали го направил највозвишениот владетел или најскромниот поданик, туку ќе го посети водачот на својот народ со толку построга казна колку е поодговорна неговата позиција од позицијата на понизниот поданик. Гревовите направени од водачите на Израел ќе влијаат на умот и совеста на народот така што кај нив ќе го намали чувството на гнасење кон злосторството. За тие гревови ќе дознаат и околните народи кои не се плашат од Бога, туку го отфрлаат Неговиот авторитет и тие ќе бидат наведени да хулат на Богот на Израел. Давид свечено го заколнал својот син стриктно да се придржува до Божјиот закон и да ги почитува сите Негови прописи.“ – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 94,95.*

**б. На што друго сега Давид бил фокусиран? 1. Летописи 28:10,20; 29:3,9.**

„Господ, преку својот ангел, го поучил Давида и му дал модел на храмот кој Соломон требало да го изгради за Него. На еден ангел му било наложено да стои покрај Давида додека, за доброто на Соломон, ги пишувал важните упатства во врска со уредувањето на храмот. Давид со сето срце бил во тоа дело. Тој покажал срдечност и посветеност при обемните подготовки за зградата, и не штедел ниту труд ниту средства, туку дал големи донации од својата ризница, давајќи на тој начин благороден пример пред својот народ, кој тие радосно и волно го следеле“. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 94.*

**в. Како може примерот на Давид да ги инспирира остарените лица? Псалм 71:1; 119:132,133.**

„Давид, средувајќи ги своите работи, им дал добар пример на сите, кои напредналe во годините, да ги средат своите работи додека уште се способни да го сторат тоа, така што кога ќе се приближат до смртта и кога нивните умни сили ќе попуштат, тие ќе немаат повеќе ништо од световна природа, што ќе ги одврати нивните мисли од Бога. – *Spiritual Gifts, vol. 4A, p. 96*.

Четврток 25. март

## 5. ПОРАКА ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ

**а. Како се исполнило ветувањето во 2. Самоилова 7:16? Лука 1:30-33; Дела 2:29-36.**

________________________________________________________________________

**б. Која порака, напишана од Давид, е од особено значење во овие последни денови од историјата на Земјата? Псалм 119:17,18, 33-40, 126,127.**

„Можно е луѓето, и покрај постојаните опомени, да одат толку далеку во својата безбожност така што Бог, гледајќи го тоа, ќе мора да стане и да ја оправда својата чест. Така е во сегашниот период од историјата на оваа Земја. Злосторства од секаков вид стануваат сè почести и сè позачудувачки се манифестираат. Земјата е исполнета со насилство кое луѓето го чинат над своите ближни.

Каква позиција ќе заземе црквата? Дали оние што во минатото имале почит кон Божјиот закон ќе бидат вовлечени во струјата на злото? Дали речиси сеопштиот престап и презир кон Божјиот закон ќе ја затемни духовната атмосфера на душите така што ќе ги зафати сите подеднакво? Дали непочитувањето на Божјиот закон ќе ги однесе заштитните бариери? Бидејќи преовладуваат злото и беззаконието, дали треба да се цени помалку Божјиот закон? Треба ли малубројните верници да станат слични на неверниците и да постапуваат како нив, затоа што поголемото мнозинство од оние што живеат на земјата го гази Божјиот закон? Зарем тие повеќе нема да ја упатуваат молитвата на Давид: ‘Време е, Господи, да се дејствува: Твојот закон го осквернија’“ – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1153.*

„(Псалм 119:17,18, 33-40). Молитви како што се овие Божјите слуги треба постојано да ги упатуваат на Бога. Таквата молитва покажува дека и срцето и душата се посветени на Бога; тоа е посветување какво Бог од нас со право очекува.“– *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1152.*

Петок 26. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што можеме да научиме од одговорот на Давид на укорот кој му го упатил Јоав?**
2. **Во кои области од животот можам да дојдам во искушение да го сторам истиот грев како Давид во своето пребројување на народот?**
3. **Набројте ја четирикратната казна за синовите на Давид и како таа нè предупредува?**
4. **Како и ние, како Давид, можеме да го понудиме најдоброто во нашата старост?**
5. **Кој апел Давид, преку псалми, го упатува до секого од нас денес?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари - 2021.*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Петок* | *Созд. 1:1-8.* | *Сонцето заоѓа во 16 11* | |
| 2. | *Сабота* | *Созд. 2:1-3.* | *Сонцето заоѓа во 16 12* | |
| 3. | *Недела* | *Созд. 1:9-13.* | *8 Свед. 261.* | *Изр. 1:11-19.* |
| 4. | *Понеделник* | *Созд. 1:14-19.* | *8 Свед. 262.* | *Изр. 1:20-26.* |
| 5. | *Вторник* | *Созд. 1:20-23.* | *8 Свед. 263.* | *Изр. 1:27-33.* |
| 6. | *Среда* | *Созд. 1:24-28.* | *8 Свед. 264.* | *Изр. 2:1-5.* |
| 7. | *Четврток* | *Созд. 1:29-31.* | *8 Свед. 265.* | *Изр. 2:6-15.* |
| 8. | *Петок* | *Созд. 2:4-8.* | *Сонцето заоѓа во 16 18* | |
| 9. | *Сабота* | *Излез 20:8-11.* | *Сонцето заоѓа во 16 19* | |
| 10. | *Недела* | *Созд. 2:15-17.* | *8 Свед. 266.* | *Изр. 2:20-22.* |
| 11. | *Понеделник* | *Созд. 3:1-6.* | *8 Свед. 267.* | *Изр. 3:1-7.* |
| 12. | *Вторник* | *Созд. 3:7-15.* | *8 Свед. 268.* | *Изр. 3:9-15.* |
| 13. | *Среда* | *Созд. 3:17-19.* | *8 Свед. 269.* | *Изр. 3:16-23.* |
| 14. | *Четврток* | *Созд. 3:21-24.* | *8 Свед. 270.* | *Изр. 3:24-26.* |
| 15. | *Петок* | *Созд. 4:3-7.* | *Сонцето заоѓа во 16 26* | |
| 16. | *Сабота* | *Излез 31:12-14.* | *Сонцето заоѓа во 16 27* | |
| 17. | *Недела* | *Созд. 4:8-13.* | *8 Свед. 271.* | *Изр. 3:30-35.* |
| 18. | *Понеделник* | *Созд. 6:1-6.* | *8 Свед. 272.* | *Изр. 4:1-7.* |
| 19. | *Вторник* | *Созд. 6:7-12.* | *8 Свед. 273.* | *Изр. 4:8-17.* |
| 20. | *Среда* | *Созд. 6:13-18.* | *8 Свед. 274.* | *Изр. 4:18-27.* |
| 21. | *Четврток* | *Созд. 7:1-4.* | *8 Свед. 275.* | *Изр. 6:1-6.* |
| 22. | *Петок* | *Созд. 7:5-12.* | *Сонцето заоѓа во 16 34* | |
| 23. | *Сабота* | *Излез 31:15-17.* | *Сонцето заоѓа во 16 36* | |
| 24. | *Недела* | *Созд. 7:17-24.* | *8 Свед. 276.* | *Изр. 6:9-15.* |
| 25. | *Понеделник* | *Созд. 8:1-5.* | *8 Свед. 277.* | *Изр. 6:16-23.* |
| 26. | *Вторник* | *Созд. 8:6-12.* | *8 Свед. 278.* | *Изр. 7:1-4.* |
| 27. | *Среда* | *Созд. 8:14-19.* | *8 Свед. 279.* | *Изр. 8:1-9.* |
| 28. | *Четврток* | *Созд. 8:20-22.* | *8 Свед. 280.* | *Изр. 8:10-16.* |
| 29. | *Петок* | *Исаија 54:9,10.* | *Сонцето заоѓа во 16 48* | |
| 30. | *Сабота* | *Излез 35:1,2.* | *Сонцето заоѓа во 16 50* | |
| 31. | *Недела* | *1. Петр. 5:6-11.* | *8 Свед. 281.* | *Пс. 145:15-21.* |

# *Февруари - 2021.*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Понеделник* | *Созд. 11:1-5.* | *8 Свед. 282.* | *Изр. 8:26-31.* |
| 2. | *Вторник* | *Созд. 11:6-9.* | *8 Свед. 283.* | *Изр. 8:32-36.* |
| 3. | *Среда* | *Созд. 12:1-3.* | *8 Свед. 284.* | *Изр. 9:1-6.* |
| 4. | *Четврток* | *Созд. 12:5-7.* | *8 Свед. 285.* | *Изр. 9:7-12.* |
| 5. | *Петок* | *Созд. 13:1-4.* | *Сонцето заоѓа во 16 52* | |
| 6. | *Сабота* | *Левитска 26:1,2.* | *Сонцето заоѓа во 16 54* | |
| 7. | *Недела* | *Созд. 13:8-13.* | *8 Свед. 286.* | *Изр. 10:1-7.* |
| 8. | *Понеделник* | *Созд. 13:14-18.* | *8 Свед. 287.* | *Изр. 8:8-14.* |
| 9. | *Вторник* | *Созд. 14:15-20.* | *8 Свед. 288.* | *Изр. 10:15-21.* |
| 10. | *Среда* | *Созд. 15:1-6.* | *8 Свед. 289.* | *Изр. 10:22-25.* |
| 11. | *Четврток* | *Созд. 15:7-12.* | *8 Свед. 290.* | *Изр. 10:27-31.* |
| 12. | *Петок* | *Созд. 14:13-18.* | *Сонцето заоѓа во 17 01* | |
| 13. | *Сабота* | *Созд. 15:12-16.* | *Сонцето заоѓа во 17 03* | |
| 14. | *Недела* | *Созд. 17:1-6.* | *8 Свед. 291.* | *Изр. 11:1-8.* |
| 15. | *Понеделник* | *Созд. 17:7-9.* | *8 Свед. 292.* | *Изр. 11:9-14.* |
| 16. | *Вторник* | *Созд. 18:1-5.* | *8 Свед. 293.* | *Изр. 11:15-20.* |
| 17. | *Среда* | *Созд. 18:16-20.* | *8 Свед. 294.* | *Изр. 11:23-31.* |
| 18. | *Четврток* | *Созд. 18:21-26.* | *8 Свед. 295.* | *Изр. 12:1-3.* |
| 19. | *Петок* | *Созд. 18:27-29.* | *Сонцето заоѓа во 17 10* | |
| 20. | *Сабота* | *Немија 13:15-17.* | *Сонцето заоѓа во 17 11* | |
| 21. | *Недела* | *Пс. 139:1-10.* | *8 Свед. 296.* | *Ис. 12:5-8.* |
| 22. | *Понеделник* | *Созд. 18:30-33.* | *8 Свед. 297.* | *Ис. 12:10-15.* |
| 23. | *Вторник* | *Созд. 19:1-7.* | *8 Свед. 298.* | *Ис. 12:16-22.* |
| 24. | *Среда* | *Созд. 19:10-13.* | *8 Свед. 299.* | *Ис. 12:23-28.* |
| 25. | *Четврток* | *Созд. 19:14-17.* | *8 Свед. 300.* | *Ис. 13:1-6* |
| 26. | *Петок* | *Созд. 19:21-29.* | *Сонцето заоѓа во 17 19* | |
| 27. | *Сабота* | *Лука 17:28-30.* | *Сонцето заоѓа во 17 20* | |
| 28. | *Недела* | *Созд. 9:11-17.* | *8 Свед. 301.* | *Пс. 140:9-13.* |

# *Март – 2021.*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Понеделник* | *Јаков 2:20-23.* | *8 Свед., 302.* | *Изр. 13:15-21.* |
| 2. | *Вторник* | *Созд. 22:11-18.* | *8 Свед., 303.* | *Изр. 13:21-25.* |
| 3. | *Среда* | *Созд. 25:27-34.* | *8 Свед., 304.* | *Изр. 14:1-3.* |
| 4. | *Четврток* | *Созд. 26:1-5.* | *8 Свед., 305.* | *Изр. 14:5-10.* |
| 5. | *Петок* | *Созд. 26:24,25.* | *Сонцето заоѓа во 17 27* | |
| 6. | *Сабота* | *Исаија 56:1,2.* | *Сонцето заоѓа во 17 29* | |
| 7. | *Недела* | *Созд. 27:1-7.* | *8 Свед., 306.* | *Изр. 14:11-15.* |
| 8. | *Понеделник* | *Созд. 27:8-13.* | *8 Свед., 307.* | *Изр. 14:16-19.* |
| 9. | *Вторник* | *Созд. 27:14-20.* | *8 Свед., 308.* | *Изр. 14:21-26.* |
| 10. | *Среда* | *Созд. 27:21-25.* | *8 Свед., 309.* | *Изр. 14:27-21.* |
| 11. | *Четврток* | *Созд. 27:26-29.* | *8 Свед., 310.* | *Изр. 14:32-35.* |
| 12. | *Петок* | *Созд. 27:30-33.* | *Сонцето заоѓа во 17 36* | |
| 13. | *Сабота* | *Исаија 56:4,5.* | *Сонцето заоѓа во 17 37* | |
| 14. | *Недела* | *Созд. 27:34-38.* | *8 Свед., 311.* | *Изр. 15:1-6.* |
| 15. | *Понеделник* | *Евреите 12:16,17.* | *8 Свед., 312.* | *Изр. 15:7-12.* |
| 16. | *Вторник* | *Созд. 27:41,45.* | *8 Свед., 313.* | *Изр. 15:13-18.* |
| 17. | *Среда* | *Созд. 28:1-5.* | *8 Свед., 314.* | *Изр. 15:19-23.* |
| 18. | *Четврток* | *Созд. 28:10-14.* | *8 Свед., 315.* | *Изр. 15:24-29.* |
| 19. | *Петок* | *Созд. 28:15-22.* | *Сонцето заоѓа во 17 44* | |
| 20. | *Сабота* | *Исаија 56:6,7.* | *Сонцето заоѓа во 17 45* | |
| 21. | *Недела* | *Јован 1:47-51.* | *8 Свед., 316.* | *Изр. 15:30-33.* |
| 22. | *Понеделник* | *Созд. 29:1-6.* | *8 Свед., 317.* | *Изр. 16:1-9.* |
| 23. | *Вторник* | *Созд. 32:1-6.* | *8 Свед., 318.* | *Изр. 16:10-17.* |
| 24. | *Среда* | *Созд. 32:7-13.* | *8 Свед., 319.* | *Изр. 16:18-23.* |
| 25. | *Четврток* | *Созд. 32:23-30.* | *8 Свед., 320.* | *Изр. 16:24-32.* |
| 26. | *Петок* | *Судии 13:17-21.* | *Сонцето заоѓа во 17 52* | |
| 27. | *Сабота* | *Исаија 58:12-14.* | *Сонцето заоѓа во 17 53* | |
| 28. | *Недела* | *Созд. 33:1-4.* | *8 Свед., 321.* | *Изр. 17:1-5.* |
| 29. | *Понеделник* | *Созд. 35:1-5.* | *8 Свед., 322.* | *Изр. 17:6-12.* |
| 30. | *Вторник* | *Созд. 35:7-12.* | *8 Свед., 323.* | *Изр. 17:13-19.* |
| 31. | *Среда* | *Созд. 22:1-5.* | *8 Свед., 324.* | *Изр. 13:9-14.* |

# Доброволен дар во првата сабота




**2. јануари**
**За мисионерскиот центар на Јужно пацифичката унија**
(страна 4)




**6. февруари**
**За Северен Киву, ДР Конго**
(страна 30)



**6. март**
**За помош на унесреќените ширум светот**
(страна 51)